**УНИВЕРЗИТЕТ "СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ" СКОПЈЕ**

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОГИЈА**

# Влијанието на општествените фактори врз религиската толеранција кај студентската популација во Р. Македонија по нејзиното осамостојување

**Магистерски труд**

**Ментор:**

**проф. д-р Зоран Матевски**

**Кандидат:**

**Фатмир Заими**

**Скопје, 2013 година**

## АПСТРАКТ

Во трудот е направен обид преку теоретско и емпириско истражување да се идентификуваат општествените фактори кои влијаат на степенот на религиската толеранција кај студентска популација во Република Македонија во периодот од нејзиното осамостојување.

Поттик за истражување на религиската толеранција претставува мултинационалната и мултиконфесионалната реалност на Р. Македонија. Ова истражување дава јасна слика за религиската толеранција, а со тоа ќе се определат и насоките за општественото дејствување. Истото истражување придонесува и за утврдување на дејствувањата на религиските заедници во ова насока.

Целта на истражувањето е да се утврди степенот на влијанието на независните варијабли како што се социоекономскиот статус на студентите, нивната конфесионална припадност, етничката припадност и начинот на дејствување на верските заедници врз нивото на религиската толеранција во Р. Македонија по нејзиното осамостојување.

Предмет на истражувањето се студентите како идни носители на општествените дејствувања.

Задачите дефинирани во рамките на ова истражување се целосно реализирани. Од добиените податоци може да се издвои дека конфесионалноста и видот на конфесијата во голема мера влијае на степенот на религиската толеранција кај испитаниците. Половата припадност, како и социоекономската положба не се покажаа како значајни и со големо влијание врз религиската толеранција.

Клучни зборови: религија, религиска толеранција, конфесија, социјални фактори.

**ABSTRACT**

In this paper is made an attempt through theoretical and empirical research to identify social factors that affect the degree of religious tolerance in student population in Republic of Macedonia in the period since the independence.

Impetus for exploring the religious tolerance is the multinational and multi-confessional reality in R. of Macedonia. This research gives a clear picture of religious tolerance, and it will also determine guidelines for social action. The same research also contributes to determining the actions of religious communities in this direction.

The aim of the research is to determine the extent of the impact of independent variables such as socioeconomic status of students, their confessional affiliation, ethnicity and mode of action of religious communities on the level of religious tolerance in R. Macedonia since the independence.

Subject of the survey are students as future carriers of social actions.

The tasks defined within this study are fully realized. From the received data we can put emphasize that the type of confession greatly affect the degree of religious tolerance among respondents. Gender and socioeconomic status were not significant and with profound impact on religious tolerance.

Keywords: religion, religious tolerance, religion, social factors.

## СОДРЖИНА

**I ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП**

**ВОВЕД ........................................ 5**

**1. ТЕОРЕТСКО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПОИМОТ ТОЛЕРАНЦИЈА ........ 8**

1.1. Дефиниции на основните поими ........................ 10
1.2. Показатели на толеранцијата ........................ 12
1.3. Крајности и последици ........................ 14
1.4. Константи за поимот толеранција ........................ 16
1.5. Живот со разлики ........................ 18
1.6. Претходни истражувања ........................ 21

**2. РАЗВОЈ НА ВЕРСКАТА ТОЛЕРАНЦИЈА ........................ 24**

2.1. Контексти на верската толеранција ........................ 25
2.1.1. Толеранцијата во Библијата ........................ 25
2.1.2. Толеранција во Исламот ........................ 26

**3. ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ НА ТОЛЕРАНЦИЈАТА ........................ 27**

3.1. Развој на толеранцијата во стариот религиозен свет ........................ 27
3.2. Религиска толеранција и политиката ........................ 29
3.3. Религиска толеранција и христијанството ........................ 33
3.4. Конфликти и нетолеранција во христијанството ........................ 37

**II ЕМПИРИСКИ ПРИСТАП**

**4. МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО ........................ 44**

4.1. Предмет на истражувањето ........................ .44

4.2. Проблем на истражувањето ........ 44
4.3. Цели на истражувањето ........ 44
4.4. Задачи на истражувањето ........ 46

**5. ХИПОТЕТСКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ........ 47**
5.1. Хипотези ........ 47
5.2. Инструменти на истражувањето ........ 48

**6. РЕЗУЛТАТИ ОД ЕМПИРИСКОТО ИСТРАЖУВАЊЕ ........ 49**
6.1. Демографски податоци на примерокот ........ 49
6.2. Анализа на добиените резултати ........ 58

**7. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА ........ 116**
**ЛИТЕРАТУРА ........ 120**
**ПРИЛОЗИ ........ 126**

# I. ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП

***Ако сакаме да научиме да бидеме толерантни,***
***непријателот ќе ни биде***
***најдобар учител***
***(Dalaj Lama)***

## ВОВЕД

Во структурата на личноста на човекот посебно место зазема толеранцијата. Таа е императив исклучиво на човековиот род. Прифаќањето на другите личности и нивните ставови го определуваме како толерантност на човекот. Имено човекот е толерантен и во ситуации кога не се согласува со другите луѓе.

Свесноста за постоењето на разновидни погледи кон светот, умереноста кон другите кои мислат поинаку упатува на духовно изграден човек. Духовно изградениот човек има сила и доблест да прифати дека постојат поинакви ставови, гледишта од неговите, а не претставува негова слабост или немоќ. Толеранцијата е карактерстика само на изградените и силните личности. Толерантноста не подразбира откажување од своите ставови, мислења, туку дава можност за нивно проширување, продлабочување некогаш и реконструирање. Ставот што личноста ја има кон гледиштата на некоја друга личност е толеранцијата, а нејзиното остварување или чинот на остварување е преку однесувањето што се има кон другата личност што рефлектира поинакви ставови. Во однос на мислењето или продуктите на процесот на мислење како што се ставови, начела, правила, толеранцијата не познава граници, границите се поставени во сферата на однесувањето. Постанувањето на верниците во фанатици дури и тирани, ќе биде избегнето со негување на толеранцијата во процесот на мислењето и постапувањето.

Живеењето во време на постојани трансформации и промени во општествениот простор, се наметнува важноста на религијата како важна општествена појава. Религијата е значајна општествена појава која го зазема своето место во општествените рамки и има голема улога во општествениот свет. Имајќи во предвид дека религијата е мултифункционална појава, на

крајот на дваесеттиот век, на просториите на поранешна Југославија, нејзината функција за идентификација дојде до виделина.

Перцепцијата за религијата после крвавите војни на просториите на поранешна Југославија е целосно изменета. Во македонското општество постоењето на религиската толеранција се наметна како неопходно. Општествениот контекст на македонското современо општество упатува да се живеее со другите без разлика на нивната вера.

Имајќи во предвид дека во земјите на Централна и Источна Европа се практикува принципите на демократијата, односно живеење на сите луѓе заедно без разлика на нивната религија и култура, тоа е модел кој кон Р. Македонија покажува посебен интерес со цел да го вгради во своето општествено опстојување.

Во Р. Македонија постојат повеќе религиски заедници и затоа е и дефинирана како мултиконфесионално и мултиетничко општество. Порано Македонија беше пример како различни религиски групи живеат заедно, соработуваат, творат а секоја група го негува своето историско и културно наследство. Но низа настани кои го одбележаа изминатиот период укажуваат дека таквата состојба во денешно време е непостоечка, односно сликата за совршено живеење на различни религиски заедници не е реалност. За да се надмине ваквата состојба потрено е поттикнување на религиската толеранција помеѓу религиските конфесии. Градењето на принципот на религиска толеранција е задача на повеќе општествени чинители. Нотирано е дека во октомври 2007 година беше одржана Светска конференција на тема "Меѓурелигиски дијалог". На конференцијата беше нагласена потребата од соживот меѓу различни религиски конфесии, а религиската толеранција како начин да се дојде до тоа.

Р. Македонија како составен дел на светот, претставува целина во која заедно живеат повеќе религии, култура, кои имат различен вредносен систем, различно искуство и поинаков однос кон богатсвото на светот. Токму поради тоа предмет на истражување на овој магистерски труд ќе биде влијанието на општествените фактори врз религиската толеранција и тоа кај студентска

популација. Ова истражување ќе има своевиден допринос во добивање појасна слика за еден таков феномен, воедно и перцепирање на улогата на толеранцијата во интегрирачките процеси во македонското општество во перодот по осамостојувањето. Ова истражување има за цел да укаже на важноста, но и на неопходноста од јасна слика за феноменот религиска толеранција.

## 1. ТЕОРЕТСКО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПОИМОТ ТОЛЕРАНЦИЈА

Во услови на постоење на сложени меѓучовечки односи неопходно е постоењето на одредени правила кои ќе бидат во функција на остварување на комуникацијата помеѓу членовите на една општествената заедница. За да има меѓусебно разбирање помеѓу членовите воедно и остварување на комуникацијата неопходно е постоење на говорот кој се темели на општо прифатените правила.

Неопходно се наметнува прашањето: Што се подразбира кога ќе се определи некоја мисла како заснована? Одговорот би бил дека мислата е втемелена на определени начела кои од своја страна се усвоени врз основата на верувањата. Искуствата кои се доживеани претходно, овие верувања не ги определуваат како разумни. Ѓуро Шушњиќ во книгата "Дијалог и толеранција" на ова прашање дава неколку размисли за толеранцијата кои без да ги определи дали се вистинити сепак ги определува како истражувачки плодни.

Првата претпоставка или размисла која ја анализира Шушњиќ е дека човекот е несовршен и непотполен, затоа е неопходно потребен друг човек да ја надмине неговата несовршеност. Човекот како несовршено битие со недостатоци, му е потребен друг човек да го надополни. Оттука произлегува дека во душата и срцето на човекот има место и за друг човек. Човекот мора да биде отворен кон другите луѓе со тоа ќе го избегне сопствениот затвор. Шушњиќ толеранцијата ја определува како услов за напредок односно неопходно е постоење на некој друг за да може човекот да се надополни себе си. Секое човеково битие има потреба од другите луѓе, зошто неговото неговото егзистирање не би било возможно. Затоа толеранцијата се смета за неопходна за општествениот живот на заедницата.

корегира, надградува и проверува. Од друга страна оној кој тоа не си го прави на себе си, од него не може да се очекува да го стори тоа и кон некој друг. Се додека некоја идеја се проверува, истражува, таа не се обожува: не сме во нејзина власт и моќ.

Толерантен разговор спречува поединецот (општество, култура) да се поистоветува со својата идеја или догма, бидејќи тој момент започнува процесот на претварање на идеите во самата идеологија: идејата ја губи својата когнитивна вредност и ја превзема нормативната улога, наместо да се објасни начинот како луѓето мислат и дејствуваат, таа пропишува како мораат да мислат и да дејствуваат. Ова пренамена на когнитивните во нормативни идеи може да се проследи на три нивоа: на духовен, социјален и личен. Секоја идеја се раѓа во идеологија, секое движење во организација, секоја личност или индивидуа во тиранин. Зборувајќи како игра на прашања и одговори, како една духовна игра, се бара вистината, а не само победа на соговорникот: овде секоја победа е неплодна, победа со скршени крилја.

Ратко Божовиќ посочува дека човечкото ограничување е предмет на натпреварувањето а не човекот кој е дел од тоа натпреварување и истиот не треба да се доживува како противник. Границите се поставени за да можат да се преминат.

Ако тоа не е ништо друго освен една моја поинаква способност, мое мислење, верување и делување, тогаш не би можел да го доживеам како противник или непријател: тоа е одговор на прашањето што доаѓа од себе си. Дури и кога неговиот одговор е погрешен и грешен, јас можам да го отфрлам неговиот одговор, но не и него. Ако Христијанството учи дека љубовта е заповед, која подоцна ја вклучува и љубовта кон нетрпеливите, тогаш искрен разговор може да се смета за добар начин да се дојде до друг и така преку него да можеме да се разбереме на најдобар можен начин. Да се биде трпелив и толерантен и кон нетрпеливите е дарежливост. Секако е подобро да се биде претерано трпелив отколку претерано нетрпелив. Отворајќи си ги мислите на другите луѓе подразбира и отварање на мислите и кон нетрпеливите, но не и кон нивните дела. Така на пример, во сатирите на грчките писатели било

дозволено дури и да се подсмеваш со боговите, но никој не се осмели кон одредените ритуали или пак да се уништат статуите на боговите.

Секако дека има животни прилики и околности во кои е оправдана употребата на насилство (самоодбрана, одбрана на деца и немоќни лица). Да се биде секогаш трпелив и толерантен кон оние спротивните значи да се овековечи нивната дрскост. Несомнено е дека секое општество, преку своите закони и судови, некои однесувања ги забрануваат и ги казнуваат, но факт е дека тоа општество не смее да забранува и да казнува кога се работи за мислење и верување на своите членови. Може единствено да ги оспорува мислата и верувањето. (Божовиќ, 1984:85)

Се поставува прашањето дали трпеливоста има граница? Ако се прифати ставот дека треба да се биде трпелив кон сите, тогаш се подразбира да се биде трпелив и кон оние кои не се трпеливи. Во тој случај трпеливоста е апсолутна, со опасност самата да се уништи: трпеливоста кон нетрпеливите е самоуништувачка. Ако се прифати ставот дека не треба да се биде трпелив кон нетрпеливите, тогаш ограничувањето на трпеливоста во одредени околности е дозволено. Во овој случај се напушта принципот на доследност: секој исклучок е кршење на усвоеното начело! Затоа трпеливоста е оспорена. Филозоф со волја за моќ, говорел дека трпеливоста и немоќноста имаат исто значење. Човекот е трпелив до таа граница додека не му опадне силата. Ако некој е трпелив кон се, тогаш факт е дека тој е рамнодушен. Рамнодушноста е подготвеност да го признаеш другиот, но да не се покажува никаков друг интерес за него. Различните и спротивставени ставови можат на некој начин да се усогласат, но исклучителните ставови никако не се поднесуват: овде немаат заеднички јазик. Ако се во некој спор или судир на два различни ставови, тогаш спорот не може да се реши рационално. Единствено решение е двете страни да се помират и да живеат една покрај друга, во мир. Бидејќи ниедна страна не се одрекува од својот став и од својот начин на однесување. Од ова нема поедноставно, а во исто време и мудар изум, од откривањето на трпеливоста: ова е лек за ранливите човечки односи. Ако поединците во општеството не се сакаат, доволно е да се почитуваат. Ако не можат да живеат во заедничко

братство, можат да бидат познаници или соседи. Верувам дека и оние кои имаат спротивности можат да склучат мир и да живеат еден до друг, ако не и со секоја друга. Од луѓето не можеме да очекуваме да ги сакаат другите луѓе, но може да бараме од нив да бидат трпеливи. Единствен покрив под кој различни поединци и групи можат да живеат заедно и во релативен мир е толеранцијата. Навистина еден дијалог и толерантен начин на мислење и живеење, би оставило последица помеѓу мислителите да нема догматика, меѓу верниците фанатици, а меѓу политичарите тирани. Не е можно секој човек да мисли како секој друг за некои работи во животот, бидејќи сите немаат исто животно искуство. Затоа постојат разлики во мислењето кои се неизбежни, а потоа следи и потреба за нивно истакнување. Ако го прифатиме ставот дека секој од нас е склон на грешки и гревови, тогаш нужно следи дека секој мора да биде склон кон разбирање и простување на гревовите. Кој не е трпелив кон грешките и гревовите на другите, тој се смета за непогрешлив и светец. Ако некој згреши, подготвени сме да го разбереме. Ако некој стори некој грев, подготвени сме да го опомениме, но и да му опрости ме, бидејќи и самите сме грешници.

### 1.6. Претходни истражувања

Во овој труд се зборува за резултатите (истражување) за односот на младите луѓе кон припадниците на одредени верски заедници и религиозни групи, како и за ставовите на младите кон верската хетерогеност. Ставови кон одредени социјални групи често имаат карактер на предрасуди, што значи дека претставува неоправдана генерализација, во придружба со силни емоции и влијание на поединците и групите кон кои постојат предрасуди. Предрасудите обично се прикажуваат кон оние кои се разликуваат по нешто од мнозината, а особено на оние кои се разликуваат од носителите на предрасуди и од припадниците на нивните референтни групи. Па затоа појавата на предрасудите е тесно поврзана за нетолеранција, што значи дека предрасудите се склони на поединци кои не се толерантни кон различноста,

односно со нетрпеливоста се раѓаат предрасудите и агресивното однесување кон оние кои се сметаат за различни.

Толеранцијата се манифестира во секојдневните односи меѓу луѓето, но и во односот кон различните идеи, обичаи, како и кон различните физички и психички особини и карактеристики на луѓето. Нетолерантност кон различното е една од трајните карактеристики на авторитетната личност, но нетолеранцијата може да биде и последица на одредените општествени околности. Нетолерантните личности се генерално нетрпеливи кон разликите, но сите разлики не предизвикуваат иста реакција. Во средината во која поединецот живее и актуелната социјално-политичка клима зависи од тоа на кого или на кој се изразува нетрпеливост, што значи дека во различните средини и во различните временски периоди нетолеранцијата не секогаш се манифестира кон истите појави, групи и поединци.

Кога станува збор за етничка и верска нетолеранција, треба да имаме на ум дека без оглед на традицијата и културата, предрасудите и нетолеранција не се манифестираат кон истите групи и со ист интензитет, затоа што тоа зависи од актуелните односи меѓу припадниците на социјалните групи и општата политичка клима, и се што е истражувано во наодите на етничката дистанца меѓу народите од поранешна СФРЈ.

Податоците од истражувањата на граѓаните над 18 години (Pantić, 1991) покажуваат дека се во споредба со податоците добиени од пред четири века (Pantić 1967) значително се намалил бројот на оние кои воопшто не манифестираат дистанца (од 59% на 28% ), што значи дека етничкото дистанцирање е изразено. Врз основа на податоците од тестирањата на младите на возраст од 15 до 27 години (Bačević, 1990) заклучено е дека младите од крајот на осумдесеттите години, покажуваат поголема етничка дистанца отколку младите од почетокот на шеесеттите години, како и да е взаемното дистанцирање (оддалечување) е најголемо помеѓу припадниците на оние народи кои се во конфликт, што укажува на нивното ефективно дејствување.

Истражувањето на присуство на национализам во Војводина (Илиќ и Цвејиќ, 1997) покажува дека припадниците на различните националности манифестираат различни степени на дистанца едни кон други. Реакција на една од изјавите на прашалникот, *премногу доверба во другите нации носи повеќе штета отколку корист,* како показател на меѓунационалните односи, покажуваат дека испитаниците на мнозинската национална група во преден поглед покажуваат недоверба (45% изразуваат делумно или потполна недоверба). Проследено со Словаците (15%), Унгарците (13%) и Романците (11%). Истовремено, Србите како мнозинската група водат и во барањето за поголема меѓунационална трпеливост. За повеќе толеранција во однос на другите етнички групи се залагаат 37% Срби, 35% Унгарци, 27%Словаци и 18% Романци. Српските испитаници од мултиетничките урбани (градски) средини покажуваат поголема толеранција и подготвеност на етнички соживот (Илиќ и Цвејиќ, 1997).

## 2. РАЗВОЈ НА ВЕРСКАТА ТОЛЕРАНЦИЈА

Концептот на толеранцијата се развил во модерна Европа и се променил за време на својот развој. Инаку постојат повеќе разлики во значењето на зборовите толераниција и верска слобода. Овие зборови во модерна конотација значат едно, а историски имаат друго значење. Користењето на овие термини од страна на Џон Стујард Мил (Jon Stujard Mill) во своето дело „Слобода“, или користењето на овие термини од страна на некој од филозофите на 20 век како што се Џон Раулс (John Rawls) и Роналд Дворкин (Ronald Dworkin) .

За работите да станат уште по комплицирани, терминот „толерантна“ на латински означува „високо развиени политички и судски концепти во средновековната сколастичка теологија и канонско право“.

Толеранцијата беше искористена за да ја означи воздржаноста на цивилната власт во лицето на „аутсајдерите“ како што се неверниците, муслиманите, евреите и другите групи како што се проститутките, болните од лепра и сл.

За некои поединци, верската толеранција обично значи дека е став за прифаќање на религиите на другите луѓе. Меѓутоа тоа не значи дека другите религии се подеднакво точни, туку дека и другите имаат право да ги поседуваат и практикуваат своите верувања.

Овој елемент на приговорот е многу важен. Луѓето кои ја практикуваат религијата сериозно различните видувања ги доживуваат како болка, посебно кога тие се соочуваат со религиозни верувања кои ги сметаат за идолопоклонички, суеверни или еретичко расколнички.

## 2.1 Контексти на верска толеранција

Постојат најмалку пет контексти за верската толеранција кој што може да се разликуваат меѓусебно. Граѓанска толеранција се нарекува верската толеранција која е санкционирана како државна практика. Политиката на државата кон верските несогласувања е главна преокупација на граѓанската толеранција.

Степен на разновидна толеранција во рамките на одредена црква е предметн на интерес на црковната толеранција.

Ваквата анализа е потребна за да се разбере, христијанската дебата за прогоните и толеранцијата во Англија. Понатаму, исто така има и социјален полемички контекст на верската толеранција. Исто така важна е и боженствената толеранција, а тука акцентот е ставен на боженствената трпеливост како што тоа често е портретирано во христијанската библија.

Ова е слика на Бога прикажана од ранохристијанските застапници на толеранцијата.

### *2.1.1. Толеранцијата во Библија*

Стиховите од Новиот завет за параболата со превелот многу христијански бискупи и епископи ги употребиле во контекст за подршка на верската толеранција. Еден од нив е и бискупот Шалон Роџер кој во едно негово писмо се потпира на параболата за да потврди дека црквата треба да ги надмине несогласувањата кои се во постојан пораст со православието.

Исто така Роџер Вилијамс познат теолог и основач на Род Ајленд ја искористил оваа парабола за поддршка на владината толеранција кон сите еретици во светот, бидејќи граѓанскиот прогон често ги преминувал границите. Наместо тоа, Вилијамс сметал дека еретиците треба да се остават на Бога да им суди, а не човекот. Оваа парабола обезбеди понатамошна поддршка на

библиската филозофија на Вилијамс, за на една страна од својата книга „ Bloody Tenent of Persecution" ја опише поделбата на црквата и државата.

### 2.1.2. Толеранција во Исламот

Одредени поглавја во Куранот укажуваат на посебниот статус даден на следбениците на Книгата (Евреите и Христијаните).

„Навистина оние кој што веруваа, па и оние што беа Евреи или Христијани и Сабијци и оние кој што во Единствениот Бог верувале и добри дела чинеле, навистина ги чека награда од нивниот Господар, тие од ништо нема да стравуваат и за ништо нема да тагуваат". (Куран, 5:69)

Во исламскиот закон, Евреите и Христијаните се сметаат за инфериорни наспроти Муслиманите, но супериорни во однос на другите немуслимани. Еврејската заедница во Османлиската Империја имала посебен заштитен статус и продолжиле да ја практикуваат својата религија како и Христијаните. Јицак кој бил главен рабин на Едрене, напишал писмо во кое ги кани европските евреи да се населат во Отоманската Империја во кое тој вели: Зар не е подобро за вас да живеете под Муслиманите отколку под Христијаните?

# 3. ИСТОРИСКИОТ РАЗВОЈ НА ТОЛЕРАНЦИЈАТА

## 3.1. Развојот на толеранција во стариот религиозен свет

Во текот на историјата постоеле многу цивилизации. Сите цивилизации имале свој поглед на свет, а тој поглед го опфаќа прашањето и за религиска толеранција. Може да се констатира дека толеранцијата меѓу односите е поизразена во насока од запад кон исток.

Историски гледано во рамките на кинеската цивилизација постојат мноштво на случаи кои потврдуваат дека кинсеката култура како свое обележје ја има религиската толеранција.

Постоењето на повеќе религиски традиции, а посебно на конфучијанството, будизмот и таоизмот биле основа на создавањето на кинеската култура. Блискоста на овие религиски системи во однос на погледот за светот и сфаќањето на божеството овозможувало кинескиот народ истовремено да ги партиципираат во нивниот живот, самото преминувањето од една религија во друга бил реален процес.

Секоја религија имала своја сфера, односно сфера во која биле доминантни. Така во сферата на политиката и социјалниот живот доминирало конфучијанството, а во спиритуалниот живот на кинескиот народ доминирал таоизмот и будизмот.

Во рамките на кинеската култура посебно е важно влијанието на конфучијанството. Усмереноста на кинеската традиција кон политичките работи и моралните норми е големо, за разлика кон спиритуализмот и религиските верувања. (Laursen, 1999:53).

Кинеската култура со така изградена ориентација кон луѓето се рефлектирало со градење на став кој вклучува отвореност, толерантност кон сите разлики кои доаѓаат од религиските системи.

Ваквиот изграден став е пренесен и во западната култура, односно е втелмелен и во рамките на монотеистичките религии.

Историските податоци сведочат дека на териториите кои се западно поставени од Кина каде е случувале бројни војни, насилства од разни освојувачи, постојаното менување на владетелите, во рамките на верата се случувал процесот на постојано менување на религиските верувања. Акои религиски верувања ќе се прифатат зависело од политиката на окупаторот.

Забележан е примерот каде што египјаните не ги прифатиле персијанските богови. Персија како окупатор на египетскиот народ се соочила со бројни бунтови кои биле реакција на окупацијата и насилството. Сите бунтови на египетскиот народ кон персијанскиот освојувач вкучувале и религиска нетрпеливост.

Покасно кога дошле македонските владетели тие биле насочени кон пронаоѓање на разни механизми за целисходна политичка контрола на таа територија, а и манифестирале почитување на културните карактеристики на народот. Во такви услови религијата не претставувала причина за револт меѓу населението. Војсководецот Александар Македонски бил насочен да ги нотира сличностите и разликите помеѓу религиите, односно религијата која била својствена за покорениот народ и неговата религија. (Куртиј Руф, 1998; Плутарх, 1994). Ваквата политика била продолжена и од другите наследници во Египег, при тоа не била загрозена улогата на локалното свештенство, но е и забележано учество и во локалните рутуали. (Burkhart, 1999:121).

Со потпаѓањето под власта на Рим, немало значајни промени во Египед. Зошто римската политика во однос на свештенството немала промени, од претходните владетели. Римската власт покажала почит кон египетската религија, особено бил изразен култот на Изида.

Со самото тоа штоо обожувањето на Изида се распространило на целиот простор на античката цивилизација овој култ може да користи како пример како се оформил процесот на акултурација. Од египетскиот религиски систем е преземен култот, тој се вградуввал во другите системи. Сите божества во рамките на египетската религија поминале низ процесот на риминизација, односно добивале и римски обележја како што се облека, фризури и друго.

### 3.2. Религиската толеранција и политиката

За блискоста помеѓу сферата на верската толеранција и сферата на политиката сведочат мноштво податоци кои историјата ги нотирала. Забележан е примерот на политиките на Персија и Римската Империја.

Историските податоци покажуваат периоди на прогони и периоди на религиска толеранција на територијата на Персија.

За негување на политика на религиска толеранција се посочуваат владетелите од Ахеменидската династија (559-370 пне.) карактеристика за нив било толерирање на религиските култови, но уште позначајно е партиципирањето во градењето на храмови. Евидентирано е и славењето на различни божества. Основач на таквата политика бил Кир втори.

Многубројни религиски текстови како и дела на историчари и филозофи сведочат за неговите дела, како што се Библијата, Херодот, Кикерон.

Кир се карактеризирал со многу важна карактеристика, а тоа е подржување на религиската разновидност, а не само толерантност кон разликите.

Библијата сведочи за неговите дела кои се во врска со Евреите. Тој одобрил и истовремено овозможил обновувањето на нивниот храм во Ерусалим. Ист таков однос имал и кон другите религии.

Имено, Штедро овозможил опстојувањето на грчките храмови на оние територии што биле присвоени во неговата империја. Исто така забележано е неговата толерантност кон боговите на Асирците, а тие од своја страна континуирано ја покажуважале нетолерантност кон оние кои се нивни окупатори.

Научната јавност бара објаснување од кои причини Кир го почитувал начелото на верската толеранција. Дел од научната јавност одговорот го наоѓаат во неговата нерелигиозност. Но констатирано е дека тој бил толерантен во сите сфери на неговото владење, а не само во сферата на религијата.

Лорсен поставил неколку тврдења или хипотези за толерантноста на Кир втори.

Првата хипотеза е дека Кир ја прифаќал религиската разновидност во функција на внатрешното добро.

Втората хипотеза дека Кир втори верувал во сите богови.

Третата хипотеза е дека Кир религиската толерантност ја ставил во функција за остварување на неговите политички цели.

Лорсен ги анализирал и трите хипотези, од кои само третата хипотеза се покажала како потврдна. Анализата одела во правец што за првата хипотеза има отсуство на докази, а за втората хипотеза може да се каже дека не е во ред нејзиното поставување, од причина што постојат религии кои во својот систем не вклучуваат почит кон боговите. (Laursen, 1999:21). Третата хипотеза своја потврда наоѓа во говорите што ги имал. Говорите укажуваат дека религиската толерантност е средство за остварување на политичките цели, па тој се залагал за задржување на населението со неговото богатство а не сакал опустошени територии без население и без богатство. (Laursen, 1999:20). Таквата политика му овозможило на Кир втори да направи Империја која била поголема и од Империјата на Александар Македонски. Империјата на Кир втори опфаќала територии на Иран, Ирак, Турција, Сирија, Ерменија, Либан и Израел.

Вака водејќи ја политиката било поостварливо освојувањето на територии, а истовремено и владеење со нив. Како многу позитивна страна се смета и тоа што во војската и во администрацијата имал лица кои биле службеници во земјата која ја условоиле.

Ваквиот начин на водење на политиката чија базична карактеристика била толеранцијата, а ја практикувал Кир втори свои продолжеток и дале и неговите наследници.

Политиката на Римската империја за свои императив имала респектирање на други религиски системи. Божествата на норидите кои биле освојувани во текот на војните, биле предмет на почитување од страна на

Римјаните. Оттука има бројни примери каде што народот без никаков притисок се приклучувале кон освојувачката империја и нивната култура.

Впечатлив е примерот на Галите кои откога се остварил очекуваното ниво на на акултурација намерата за повторно практикување на старите келтски навики не постоела, сите постапки и размислувања биле во правец да се постане римјанин (Burkhart, 1999:87).

Заклучокот неминовно следи дека напорот за заборавање на сопствениот јазик е поголем, а ова произлегува што администрацијата на Римската империја немала механизми за изнудување на потиснување.

Обработувајќи го случајот на Галите, евидентен е ист случајот и со религијата која ја практикувале. Тие ги прифатиле религиските правила на Римската империја, прифаќањето одело до тој степен што на боговите кои порано биле предмет на почит им давале имиња со римски стил. Реципроцитетот бил присутен и од другата страна, односно Римјаните особено во времето кога слабеела империјата партиципирале во локалниот култ кој се негувал во Галија, дури се обраќале на Друидите за да им се претскажи иднината.

Кога Империјата ја раководеле владетели што доаѓале од територии кои биле повеќе оддалечени од центарот, тогаш евидентирана била отвореност кон култови кои биле карактеристични за други религии. Таков е примерот со Хадријан. Тој имал интересурања и активности кои имале космополитски карактеристики, истовремено покажувал почит и кон истокот и западот. Тој државата ја водел во рамките на традицијата на Римската империја, се обидувал да го дознае значењето и вредноста на египетската боговите. Ваквото однесување во научните кругови се објаснува со неопходната потреба религиите кои се политеистички да се доближат едни до други, со тоа да се утврдат нивните сличности и разлики, и со тоа да се дојде до заеднички карактеристики (Burkhart 1999:150), Имено нецелосната определеност на политеистичките религии дозволува мешање на други божества и истовремено да се помешат со нив. Има автори кои ваквото дозволување на мешање произлегува и од политиката која ја води империјата, при тоа внимавале да не

се повредат боговите на народот кој е потчинат, спротивно на тоа покажале чест и внимание оделе до таму што боговите ги прифачале како сопствени“ (Исто, 151).

Процесот на слабеење на цивилизацијата се смета за битна причина за прифаќањето на боговите на кои биле почитувани од другите народи да сеприфатат за свои. Исто така неможноста за решавање на проблемите на народот кое резултирало со немир, неспокој, било причина да се барат нови богови во кои повеќе ќе се верува и кои повеќе ќе бидат во функција на народот. Во историјата е забележано дека народот од римската империја посебно во подоцнежните периоди на нејзиното опстојување покажало посебенинтерес кон мистичноста. Оттука постој бројни натписи кои се сведоци на тоа време, што го рефлектираат таквото расположение на народот, примери за тоа се: „сите богови и божици“, „на божествени...“, „собир на боговите“ итн. (Burkhart 1990:182).

Таква состојба е забележана и на просторот на Блискиот исток. Мешањето на разни народи, кои се разликуваат и со расата, нивните религии имаат тенденција на мешање, влијанието било толку големо што довело до тоа во покасната епоха да ја определиме за единствена“(,Burkhart 1999:156). Врзувањето на боговите на Блискиот исток со античките богови како процес почнал уште во периодот кога Александар Македонски усвојувал територии, а продолжил и во периодот на владеењето на наследниците на Александар Македонски. Но мора да се нагласи дека таквото мешање не придонело да исчезнат наклоностите на населението, да исчезнат сликите за божесствата што ги имале, ниту да исчезне религискиот ритуал. Населението на Блискиот Исток најпрво верувале во ѕвездите, а додека нивниот ритуал се изведувал со давање на жртви, прво животни, но во некои ситуации жртвата била човек. Ваквата поделба довеле до политички поделби но и има свое место во оформувањето на христијанството.

### 3.3. Религиската толеранција и христијанството

Процесот на мешање и поврзување на религиските системи кои се политеистички, довело до слабеење на нивните карактеристики, кое било причина за пропаѓање на паганството, односно овозможило појавување а со тоа и доаѓање на христијанското учење. Процесот на денационализирање на божественото довело да биде тоа универзално, односно се скршиле грчките и римските верувања. ( Burkhart. 999:242). Особено што го помогнало доаѓањето на христијанството, според научната мисла било трансформирањето на политеистичките верувања. Се случило разместување на суштината на постоењето од животот кој се случува на земјата во правец на животот кој е надвор од земјата, а сто тоа и обединување со божественото. Најексплотирана тема пред да се појави христијанското учење била бесмртноста, која ја третираат преку култовите кои постоеле. Многу филозофи во тоа време бесмртноста се обидувале да ја пронајдат преку толкување на култовите. Старите и новите учења создадале конфузија, која сепак помогнала на христијанското учење. Христијанското учење всушност било предодредено да преовладува од причина што нуди одговори кои се поедноставни, посфатливи и секогаш концепирани во импресивна и уверлива содржина. Христијанството се обидувало да најде одговор на повеќето прашања кои биле предмет на интерс во тој период. (Исто, 243).

Постанувањето на христијанството од култ до религија на државата не било лесно и непречено. Варијатетите се присутни во смисла на периоди од подносливост кон системот до периоди на отфрлање. Нетолеранцијата или неприфаќањето на власта кон него е карактеристично во првите три века. Евидентиран е голем прогон во периодот на владеењето на Диоклецијан (284-305), кој се случил после четири децении на толеранцијата.

Односот на Диоклецијан кон христијанството бил променлив. Неговата толеранција траела две декади, отпосле го прави големит прогон, односно прогони спрема други религиски култови како што е примерот со манихејството. Ваквиот прогон бил етикетиран како последна уништувачка

војна на паганството свртено против христијанствот. (Исто, 278). Причините за тој прогон не се барале во религиозните верувања, во религиските идеи на императорот. Неговиот поглед бил насочен кон измените на големината на општествената моќ во заедницата на христијаните, исто така и правилата и доследностите во движењата на моќта без оглед на состојбата во внатрешните и надворешните односи. Всушност Буркхарт нотирал дека позиционираноста во центар со изменување на ставовите спрема христијанското учење, посебно варијабилната политика на државата спрема христијанската заедница, доведуват заедницата перманентно да биде мобилна и сето тоа одигрува битна улога за нејзиното консолидирање. Впрочем „зачестените закани воедно и прогоните ја штителе заедницата од прерана дезинтеграција и придонеле да се надминат сериозните внатрешен расцепи“ (Burkhart 1999:139).

Спрема гледиштето на историчарите Диоклецијан бил етикетиран како владател кој е мудар, што направил нагли промени, односно насочување кон христијанското учење,особено во последните години на своето владеење. За таквиот пресврт Буркхарт причините ги наоѓа во промените на полето на политиката. Уште од самиот почеток на своето владеење па се до неговиот крај 302 година во неговото опкружување имало прислужници и пажови кои припаѓале на христијанската зедница. Спрема нив бил толерантен, дури им дозволувал да ги обавуваат нивните религиски ритуали во негово присуство. Сепак прекинот со христијанството го прави нагло.

Постојат повеќе објаснувања зошто се случил наглиот прекин, како најиздржано ќе го забележиме она што го дава Буркхарт. Според него Диоклецијан наеднаш го согледал фактот дека христијанското учење, имало толкава моќ која претставува опасност за државата. Иако претходно дозволувал изградби на цркви во секое поголемо место, сето тоа прекинало, откако се соочил со моќта на христијанската заедница врз моќта и силата на императорот. Ваквото гледиште го споделува многу авторитети меѓу кои и авторите на Оксфордската историја на христијанството. Спрема нив навлегувањето на христијанското учење преку сопругите на гувернерите,

директно во високите кругови, во военото заповедништво довело до големо вознемирување.“ (Макманерс (ед.) 2004:79).

Неспорен е фактот дека ваквата распределеност на моќ овозможува да се извлечат разни решенија. Еден начин на решавање е соединување на религиската и политичката моќ. Имено забележано е дека пред доаѓањето на власт на Диоклецијан бил започнат процесот на соединување на религиската и политичката власт. Во периодот кога цивилизацијата го доживува својот залез, населението кое егзистирало во центарот на империјата покажувало интерес кон источната религија, верата кон Спасителот, а со тоа и надежтта дека тој може да им помогне. Многубројните владетели кои биле сурови и неуспешни и владееле во последниот век на старата ера допринеле се повеќе да се зголеми верата. Кога на чело на империјата дошол Август, предусловот владетелот да биде перципиран како отелотворување на божествените моќи на земјата, бил исполнет. Август бил олицотворение на спојот меѓу државата и религија. (Ростовцев, 1990:389). Во тоа време се изградил култот на Август како божество кое е нераскинлива врска со култот на државата. Владеело мислење дека Август е инкарнација на божественото, односно неговата глава и државата се исто по нивната божествена суштина.

Во векот после владеењето на Август империјата добила во својот обем, но едидентно било опаѓањето на цивилизацијата. Ваквите забелешки не биле евидентни во сферата на културата, која продолжила да има свој напредок, но било очигледно во однесувањето на населението, особено во исчезнување на интересите за семејните вредности кои биле традиционални и во екстремните поведенија како што се промискуитетот и аскетизмот, магиската свест се повеќе јакнела. Сето ова довело до слабеење на верата спрема нивните божествата и прифаќање на туѓите. После неговото владеење, Константин каков негов наследник, не само што го прекинал прогонот спрема христијанското учење , туку имал улога и на негов заштитник.

Во научната мисла за таквото однесување на Константин постојат многу размислувања, кои едни се поклопуваат други целосно се разотидуваат. Но

најголем број на аргументи се во насока на религиската ориентација на императорот.

Буркхарт не се задоволил само со одговор за религиската ориентација на Константин, понатаму продолжил со анализата при што доаѓа и до други аргументи како што се бројот на христијаните во тоа време кои биле малцинство и му се натнало прашањето како толерирањето би требало да биде во функција за постигнување на моќ. (Burkhart,1999:311-2)

Следен аргумент кој бил предмет на негов интерес е јавното мислење на населението, во чии рамки доминирале паганите. Населението било презаситено од насилство, затоа на големо одобрување наишло прекинувањето на насилството. Според Буркхарт, Константин бил гениј со голема амбиција за моќ, па прашањата за христијанството и паганството, религиозноста и нерелигиозноста се излишни. Тој е нерелигиозен човек, покрај тоа што се наоѓа во средината на црковната заедница (Burkhart ,1999:332).

Константин за време на своето владеење донел два едикти за толеранција – во Рим и во Милано. Неограничена слобода за сите култови, како и многуте е христијански секти биле загарантирани со едиктот од милано. Така државата овозможила изедначување на христијанството со верата во старите богови.

Во подоцнежниот период Константин и Ликтиниј биле во постојана борба за доминација, така што Константин имал можност да го преиспита своето гледиште во однос на христијанството. Буркхарт исто така има свое гледиште во однос на тој период. Тој сметал дека за Константин биле многу важни тие години, тој набљудувал какво е влијанието на христијанството, воедно и како може да се искористи од страна на владетелот. Според Константин христијанството со развиена хиерархија со јасна сидонска организација има исклучителна моќ што може да се искористи за потребите на престолот. Таквата моќ на христијанството го осигурува местото на имтераторот, а тоа ќе овозможи да биде беспрекорен во однос на Ликтиниј. Во истиот период Ликтиниј бил против ширењето на христијанството. (Burkhart, 1999:318)

Константин бил организатор на соборот во Никеја, наречен Прв вселенски собор (323). Непосредно по соборот се ослободил од конкуренцијата, а неговото подржување на христијанството продолжило дури уште повеќе било зајакнето. Буркхарт констатирал дека Константин сфатил дека е подобро да се има наклонетост кон христијанството, така што поставувањето на христијанството на ниво на државна религија било на тој начин оформено. (Исто, 323)

### 3.4. Конфликти и нетолеранција во христијанството

За да може христијанската заедница да постигне постабилен општествен статус неопходно било донесување на едикти за верска толеранција. Откога христијанската заедница остварила цврста врска со политичката власт почнало во нејзините редови периодот на нетолеранција. Биографот на Константин Евсевиј за ваквите консталации причина било „лицемерството на луѓето кои се внатре во црквата“ (Макмајнерс, 2004:88). Според него со растењето на статусот на христијанската заедница било пропратено со зголемување на интересот за да се бил од христијанската заедница. Така во неа свое учество имале не само оние што се раководени од религиозни мотиви, туку имало и такви кои биле водени од намери кои не се карактеризирале со светост, односно од оние луѓе кои припаѓањето во христијанската заедница го сфаќале како начин за стекнување на повисока општествена положба, а со тоа и добивање на поголеми статусни привилегии. До таква констатација дошол и Аврелие Августин (354-430), и тоа еден век покасно. Епископ Хипонски директно го согледал фактот дека христијаните кои се лажни се интегрираат во верската заедница како резултат на притисиците и заканите кои се вклопени во општеството. (Исто). Евидентен е фактот дека во редовите на христијанството интегрирани е градското население кое потекнува од образованите слоеви на општеството.

Исто така забележано е дека во христијанската заедница се интегрирани луѓе кои го прифатиле христијанството од причини кои се религиски, но има и такви кои го прифатиле христијанството како средство за добивање на општествена положба која ќе биде подобра од претходната. Таквата структура на припадници на христијанството довело да се појави во христијанската заедница нетолеранцијата.Сепак во историјата е нотирано дека најголемите конфликти не се појавувале помеѓу населението што живеело во заедници на иста територија а биле поделени во односот на христијанското учење, туку конфликтите биле најостри меѓу населението кои живееле на одделни територии а сепак имале изградено специфични културни карактеристики.

Самото поимање на бог во христијанското учење било основа за културните разлики меѓу населението, кои посебно биле очигледни за време на учењето во вселенските собири. Неминовно се наметнува прашањето дали без нераскинливиот однос помеѓу црквата и државата ќе имало со толкав интензитет на нетолеранција помеѓу населението.Доживувањето на државата и црквата како еден ентитет било карактеристично за време на византиското општество. Религиските прашања како и граѓаните биле под надлежност на царот. Според Евсевиј царот требал да биде олицотворение Христос, како на божји пратеник на земјата (Макмајнерс, 2004:170). Каков бил односот на моќта меѓу државата и религијат кои го сочинуваат единствениот ентитет не било предмет на расправа. Особено било важно царот со својот вокабулар да не ја наруши рамнотежата на моќта. Во говорите се нагласувала согласноста помеѓу свештенството и царството, а царот немал улога на црковен поглавар, туку имал улога на штитник на црквата. Сепак има одредени историски факти кои укажуваат дека некогаш рамнотежата била нарушена во корист на државата.

Градењето на христијанското учење за свој центар ја имаа Византија. Разликите во учењето не е толку очигледно поради разликите во културата помеѓу истокот и западот од една страна и поврзаноста помеѓу политичката моќ и гледањето на бог од друга страна. Врз основа на тоа може да се констатира дека отсуството на толеранцијата кон одредена група која има

свое поимање на бог претставува показател за нејзината положба што ја има во однос на моќта.

Прецизирањето и целосното определување на христијанското учење било на вселенските собири. При што расправале за Библијата која престанала да биде извор за религиска инспирација туку се третирала како доказен материјал. Библијата можела различно да се протолкува. (Вес, 1999:127).

Самата концепираност на бог во рамките на христијанската заедница, претрпувала различни модалитети кои се резултат на бројни расправи. Постојат два коцепти кои го објаснуваат христијанскиот бог. Првиот концепт е поконкретен и е карактеристичен за Византија но конкретно за нејзините западни делови. Овој концепт упатува на тоа што хеленскиот модел на цивилизација е темел на овој културен христијански модел. Вториот концепт е поапстрактен и е карактеристичен за источните предели на Византија, основата на христијанската култура потекнува од цивилизациските модели кои се постари а егзистирале на тие реони како што се персиските и египетските модели. Двата концепти своето делотворување го оствaруват преку моделот на Светата тројца. Концепцијата на Светата тројца било обележје на западните делови, а за источните провинции концептот на божјата природа која воедно е темел на монофизитската религија.

Најважни во изградбата на догматскиот систем, воедно и на канонскиот во рамките на христијанската црква се седумте вселенски собори. Бројните расправи во рамките на соборите резултираат со следните ставови: Првиот ја истакнува огромната важност што ја има моќта на политиката во градењето на христијанската вера без разлика што улогата на императорот не е секогаш очигледна поради постоењето на други фактори кои што нивната природа е политичка и не го дозволуваат тоа. Вториот став е што рамнотежата помеѓу западните и источните провинции постојано се поместува и тоа во правец на западот.

Владателите кои доаѓаат од западните провинции на империјата Теодосиј и Константин ги свикале двата вселенски собора Никејскиот и

Константинополскиот. Во расправата за време на собирите се водела тема за единственоста на Бог, Синот и Светиот Дух. Концепцијата на Атанасиј победила и се однесувала на тоа дека од божјата суштина произлегува Синот и има иста природа со Богот. Концепцијата на Ариј била отфрлена според која Христос не е бог. Оваа концепција имала голем број на приврзаници, меѓу кои биле бројни египетските епископи. Ова концепција била прифатена пред смртта од Константин Велики, а неговите синови ја прогласиле за државна религија.

Наредните собори уште повеќе го продлабочоле прашањето за божествената природа. На Ефескиот собор расправата се водела помеѓу двете концепции, односно концепцијата на Несториј дека бог не е Христоос, односно Христос е човек, оттука Богородица треба да го носи името Христородица. Втората коцепција е онаа на Кирил според кој божествената природа на Христос не може да се раздвои од човечка природа. Според ова концепција Христос е Бог и човек исто времено па затоа името Богородица е соодветно. Овие двајца предводници на концепциите несториј и Кирил потекнувале од источните провинции од Антиохија и Александрија. Аргументите на Кирил ја определиле догмата на западните провинции и тоа за природата на Христос која е неразделива и истовремено е неслиена, но покасниот развој на ова учење на истокот своето финале или форма го добива во монофизитизам.

Победа на западната концепција го доживува на Халкедонскиот собир на кој е донесен царски едикт, многу важен и се однесува на толеранцијата. Со овој едикт на вселенските собори им се признава монопол за правоверното учење. Ова наведувало на забрани за иницирање на јавни конфликти за верата без разлика кој ги покренува, без разлика на аргументите кои ги наведува или положбата што ја има. Се предвидени остри санкции против монофизитизмот. Приврзаниците на монофизитизмот им се забранувало јавно собирање, постоеле забрани за оние кои сакале да основат манастири и да се исповедат.

Културните разлики помеѓу источните и западните делови на Византија ги открил Халкедонскиот собор. Во формирањето на одлуките како важно се

наметнало грчкото гледиште , при што јазот меѓу двата дела на царството се зголемил. Сирија и Египет во првите четири века имале важна улога во христијанското учење после овој собор се одвоиле од црквата и преминале кон монофизитизмот. Контрадикторноста помеѓу диофизитската и источните монофизитските цркви постојано била присутна. Ваквите решенија според Успенски, "биле спротивни на големата викторија донесена од страна на цариградскииот патријарх, во контекст на историјата се смета за голема трагедија. Исто така треба да се забележи дека самото слабеење на александрискиот епископат, бил скапо платено, и довело до црковен и морален расцеп во самата империјата". (Uspenski, F 2000:216). Успенски посебно го нагласува аргументот дека световната власт, бранејќи ги определбите на контантинополскиот патријарх, довело до зголемување на незадоволството на луѓето од Египед и Сирија а со тоа и слабеела нејзината политичка положба.

Со настаните кои следувале покасно евидентно било дека поместувањето на моќтта имало последиците кон луѓето кои се залагале или биле застапници за различни религиски концепти. Со намера да се надмине расколот во црквата кој бил предизвикан од Халкедонскиот собор имало многу расправи чија тема била природата на Христос. Најмногу за тоа се залагал царот Ираклие. Тој сакал да се најде начин за помирување со монофизитите, бидејќи му демнела опасност од Персија и Арапите. Ираклие за време на своите војни на исток воспоставил комуникација со монофизитите и од нив барал да размислат за нивното учење. И епископот Кир имал иницијативи за приближување на двете концепции, тој во 622 година доаѓа на чело на ел патријаршијата во Александрија. Овие иницијативи за приближување ја обликувале монотелитската догма, дека Христое има единствена волја а две природи. За таа цел бил напишан указ потпишан од Ираклие и објавен. На собор во Константинопол било нагласено дека указот односно „Ектесис" кореспондира со апостолското учење.

Ваквата определба го надминала расколот во црквата, а римскиот папа барал нејзино поништување, кои му се приклучиле епископи од Африка. Сето

ова довело до повторно соочување со спорови во црквата. Заради надминување на оваа состојба во 648 бил донесен црковен актшто имал за цел оневозможување на други расправии и спорови. Во него јасно било нагласено забрана за дејствија кои ќе доведат до спорови без разлика на нивните изговори при што следуваат казни.„ (Uspenski, F. 2000:481).

Но за жал овој акт освен тоа што не го намалил расколот , туку уште повеќе го зголемил. Против актот биле римската папа и православното свештенство од Византија. Императорот инсистирал за негово почитување, при тоа почнал со казни, следствено на тоа паптa Мартин Први бил прогонет и остатокот од животот го поминал во Херсон.

Во аналите на историјата забележано е дека намерите за помирување биле без ефект, затоа се случиле и отцепувања на монофизитскиот исток од православната заедница.

Покасно во Константинопол, 680 година на одржаниот Вселенскиот собор тема на расправата било двете природи и волји на Христос, игнорирајќи ги царските акта. На тој собир присутни биле претставниците на петте патријаршии, при тоа монотелитското учење било отфрлено. Имено успехот на овој собир бил очигледен на прашањето за толеранцијата. Мирот во Црквата бил воспоставен, помеѓу папата и царот воспоставен договор. (Uspenski, F. 2000:487).

Шестиот собор довел до настанување на хеленизација на Византиската црква, при тоа многу области на истокот населени од христијани биле отфрлени. Тоа довело до поделба на населението на два табори. Едниот табор го сочинуват иконофилите, што нивниот културен модел потекнува од хеленизмот, населението е од западните провинции на Империјата. Вториот табор се иконоборци чиј културен модел потекнува од источните народи.

Осмиот век бил период на иконоборското движење кое се појавило во Азија, а претставниците на свештенството основале иконокластична група, кој покасно се вклучил царот Лав Трети. Иконите претставувале симбол на култот на православната црква, а борбата околу нив ја истакнувале општествена поделеност.

Кризата се продлабочила со војните помеѓу христијанската Византија и муслиманскиот арапски свет, воедно и борбата меѓу световната и духовната елита на прашањето за распределбата на моќта.

# II ЕМПИРИСКИ ПРИСТАП

# 4. МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 4. 1. Предмет на истражување

Предметот на ова истражување е да се утврди степенот на влијание на независните варијабли како што се социоекономскиот статус на студентите, нивната конфесионална припадност, етничката припадност и начинотна дејствување на верските заедници врз нивото на религиската толеранција во Р. Македонија по нејзиното осамостојување.

## 4.2 Проблем на истражувањето

Проблемот на ова истражување е да се увиди влијанието на општествените фактори врз религиската толеранција, при тоа истиот може да се анализира на неколку сегменти.

Дали е присутен принципот на религиска толеранција кај студенската популација во периодот по осамостојувањето на Р. Македонија? Дали тој се практикува или неа? Дали принципот на религиска толеранција јакне или слабее? Дали тој има перспектива?

Кои општествени фактори влијаат врз религиската толеранција kај студенската младина?

Религиски организации во Р. Македонија ( Македонска Православна Црква и Исламската верска Заедница) преку своето дејствување како и колку влијаат врз подигањето на нивото на религиска толеранција?

Имајќи во предвид дека секоја конфесија има свои посебности како тие влијаат врз принципот на религиска толеранција?

## 4.3 Цели на истражувањето

Имајќи во предвид предметот на ова истражување основната цел на истражувањето е да се одредат општествените фактори кои влијаат врз

религиската толеранција кај студентската популација во Р. Македонија по нејзиното осамостојување.

Поттик за истражување на религиската толеранција претставува мултинационалната и мултиконфесионалната реалност на Р. Македонија. Оваа истражување ќе даде јасна слика за религиската толеранција, а со тоа ќе се определат насоките за нејзиното општествено дејствување. Истото истражување ќе придонесе и за утврдување на дејствувањата на религиските заедници во ова насока и ова поле. Предмет на истражувањето се студентите како идни носители на општествените дејствувања. Детектирањето на религиска нетолеранција кај студенската популација и утврдувањето на причините на нејзиното постоење можат да се искористат како база за понатамошни ангажмани на општеството токму во надминување на реалноста која несоодвествува со модерните општества во кои меѓусебно се испреплетени различните религии.

И националниот идентитет, кој во Р. Македонија е во корелација со религискиот идентитет, влијае врз степенот и начинот на изразување на религиската толеранција. Со податоците од ова истражување ќе се биде во можност истиот да се предвиде и преку соодветни програми да се надмине како можен фактор на религиската нетолеранција.

Практичната цел на ова истражување е да се определат битните фактори кои позитивно влијаат врз принципот на религиска толеранција кај студенстката популација во Р. Македонија и истите да се подржани преку закони, проекти, медиумски кампањи и сл. Со определување на факторите кои негативно влијаат врз религиската толеранција, ќе се превземат такви општествени активности кои ќе ги маргинализираат, а при тоа ќе се спречат можните конфликти како резултат на верска нетрпеливост.

## 4.4. Задачи на истражувањето

- Да се утврдат најзначајните фактори кои влијаат врз религиската (не)толеранција кај студенстката популација во Р. Македонија по осамостујувањето.
- Да се потенцира религиската толеранција како општествено пожелно однесување кај студенската популација во ситуација на мултиконфесионална и мултинационална реалност.
- Дали и на кој начин Македонската Православна Црква и Исламската Верска Заедница се промотори и примери на религиска толеранција кај студенската популација.
- Да се определат конфесионалните карактеристики на религиската толеранција кај студенската популација (особеностите на христијанската и исламската толеранција)
- Да се потврди или отфрли релацијата национална-религиска толеранција (нетолеранција) кај студентската популација.

# 5. Хипотетска рамка на истражувањето

## 5.1. Хипотези

### Општа хипотеза:

Степенот на религиската толеранција кај студенската популација во Р. Македонија по нејзиното осамостојување зависи од влијанието на општествените фактори какви што се: социоекономската положба, конфесионалните посебности, дејствувањето на религиските организации, како и општествениот контекст во рамките на глобалната реалност.

### Посебни хипотези:

- Нивото на религиската толеранција кај студентската популација зависи од нивната социоекономска положба
- Посебностите на одредени конфесии влијаат врз нивото на религиската толеранција на студентите во Р. Македонија.
- Општествениот контекст и глобалната комуникација влијаат врз нивото на религиската толеранција кај студентите
- Нивото на религиската толеранција кај студентската популација е под директно влијание од дејствувањето на најголемите религиски организации во Р. Македонија (МПЦ и ИВЗ)

### Поединечни хипотези

- Неповолните економски услови на живеење кај студентите можат да предизвикат понизок степен на религиска толеранција.
- Колку е повисок степенот на образование на студентската популација толку е повисок и степенот на нивната религиска толеранција.

- Половата припадност на студентите влијае врз нивото на нивната религиска толеранција.
- Нерешените меѓу-национални односи негативно се одразуваат на нивото на религиската толеранција кај студентската популација во Р. Македонија.

## 5.2. Инструменти на истражувањето

Истражувањето има квантитативен пристап.

Квантитативниот пристап ќе опфати спроведување на анкета со студентите и обработка на прашалникот кој ќе биде изготвен за таа цел. Добиените сознанија ќе бидат искористени за формулација на хипотезите, конструкцијата на варијаблите и анализа на односот помеѓу варијаблите.

За таа цел ќе бидат анкетирани студентите од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, Државниот Универзитет – Тетово и Универзитетот на Југоисточна Европа – Тетово.

Анкетниот прашалник ќе содржи три групи на прашања: прашања од општ карактер поврзани со социо-демогравските карактеристики на студентите, втората група прашања ќе се однесува на ставовите на студентите кон толеранцијата додека третата група на прашања ќе се однесува на останатите чинители кои придонесуваат за религиската толеранција.

# 6. РЕЗУЛТАТИ ОД ЕМПИРИСКОТО ИСТРАЖУВАЊЕ

## 6.1. Демографски податоци на примерокот

Истражувањето беше спроведено на пригоден примерок од 199 испитаници, студенти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола, Државниот Универзитет – Тетово и Универзитетот на Југоисточна Европа – Тетово. Од испитаниците 97 или 48,7% се од машки пол, а 102 или 51,3% испитаници се од женски пол.

**Графикон 1. Распределеност на испитаниците според пол**




Според местото на живеење, 127 испитаници (63,8%) живеат во град, додека 72 испитаници (36,2%) живеат на село.

**Графикон 2. Распределеност на испитаниците според место на живеење**




Испитаниците беа студенти на прва, втора, трета и четврта година, распределени на следниов начин:

**Табела 1. Распределеност на испитаниците според година на студии**

| Година на студии | Број на студенти | Процент |
|---|---|---|
| **прва година** | 64 | 32,2 % |
| **втора година** | 59 | 29,6 % |
| **трета година** | 36 | 18,1 % |
| **четврта година** | 40 | 20,1 % |

**Графикон 3. Распределеност на испитаниците според година на студирање**




Од добиените податоци може да се види дека најголем број испитаници се студенти на прва година (32,2 %), приближно ист број се и испитаници на втора година на студии (29,6 %). Бројот на испитаници кои се трета и четврта година на студии е исто така приближно ист (околу 20 %).

Националната припадност (македонска, албанска, бошњачка, ромска, српска или турска) на испитаниците е прикажана во Табела 2.

**Табела 2. Распределеност на испитаниците според нивната национална припадност**

| македонска | албанска | турска | ромска | бошњачка | Српска |
|---|---|---|---|---|---|
| 94 | 100 | 2 | 1 | 1 | 1 |
| 47,2 % | 50,3 % | 1,0 % | 0,5 % | 0,5 % | 0,5 % |

Според резултати прикажани во Табела 2 може да се констатира дека најголем број испитанци се од македонска и албанска националност (194 или 97,5%), додека многу мал дел од испитаниците се од други националности (5 или 2,5%).

Верската припадност (православна, муслиманска, протестантска и без верска припадност-атеисти) е прикажана во Табела 3.

**Табела 3. Распределеност на испитаниците според верската припадност**

| православна | муслиманска | протестантска | атеист |
|---|---|---|---|
| 93 | 104 | 1 | 1 |
| 46,7 % | 52,3 % | 0,5 % | 0,5 % |

**Графикон 4. Распределеност на испитаниците според верска припадност**




Од добиените резултати се гледа дека 93 испитаници (46,7%) се православни христијани, а 104 (52,3%) испитаници се муслимани. Многу е мал бројот на испитаници од друга верска припадност, 1 испитаник (0,5%) е протестант, а 1 испитаник (0,5%) е атеист.

Според образованието на таткото испитаниците се распределени на следниов начин:

**Табела 4. Распределеност на испитаниците според образованието на таткото**

| Образование на таткото | Број на студенти | Процент |
|---|---|---|
| основно образовние | 30 | 15,1 % |
| КВ или ВКВ работник | 5 | 2,5 % |
| средно образование | 109 | 54,8 % |
| вишо образование | 31 | 15,6 % |
| високо образование | 24 | 12,1 % |

**Графикон 5. Распределеност на испитаниците според образованието на таткото**




Од добиените резултати може да се увиди дека најголем број испитаници имаат татко со завршено средно образование (109 или 54,8%), додека 55 (27,7%) испитаници имаат татко кој завршил вишо или високо образование.

Според образованието на мајката испитаниците се распределени на следниов начин:

**Табела 5. Распределеност на испитаниците според образованието на мајката**

| Образование на мајката | Број на студенти | Процент |
|---|---|---|
| **основно образование** | 83 | 41,7 % |
| **средно образование** | 83 | 41,7 % |
| **вишо образование** | 19 | 9,5 % |
| **високо образование** | 14 | 7,5 % |

**Графикон 6. Распределеност на испитаниците според образованието на мајката**




Од добиените резултати може да се увиди дека многу е поголем бројот на испитаници чии мајки заврпиле основно и средно образование (166 или 83,4%), за разлика од бројот на испитаници чии мајки завршиле вишо или високо образование (33 или 17,0%).

Според занимањето на таткото испитаниците се распределени на следниов начин:

**Табела 6. Распределеност на испитаниците според занимањето на таткото**

| Занимање на таткото | Број на студенти | Процент |
|---|---|---|
| земјоделец | 8 | 4,0 % |
| НКВ и полуквалификуван работник | 16 | 8,0 % |
| КВ и висококвалификуван работник | 37 | 18,6 % |
| службеник со средна стручна спрема | 23 | 11,6 % |
| службеник со виша и висока спрема | 21 | 10,6 % |
| пензионер | 27 | 13,6 % |
| невработен | 28 | 14,1 % |
| друго занимање | 39 | 19,6 % |

**Графикон 7. Распределеност на испитаниците според занимање на таткото**




Занимањата кои ги навеле испитаниците како други се: автомеханичар, машински техничар, менаџер, приватник, професор и шофер. Од добиените резултати може да се види дека скоро подеднакво се застапени сите занимања.

Според занимањето на мајката испитаниците се распределени на следниов начин:

**Табела 7. Распределеност на испитаниците според занимањето на мајката**

| Занимање на мајката | Број на студенти | Процент |
|---|---|---|
| домаќинка | 102 | 51,3 % |
| НКВ или полукавлификуван работник | 7 | 3,5 % |
| КВ или ВКВ работник | 19 | 9,5 % |
| службеник со средна стручна спрема | 25 | 12,6 % |
| службеник со виша и висока спрема | 11 | 5,5 % |
| пензионер | 9 | 4,5 % |
| невработен | 17 | 8,5 % |
| друго занимање | 9 | 4,5 % |

**Графикон 8. Распределеност на испитаниците според занимање на мајката**



Како други занимања кои беа наведени се: економист и менаџер. Од добиените резултати може да се види дека најголем број испитаници имаат мајки кои се домаќинки (102 или 51,3%), дел од испитаниците имаат мајки кои работат како службенички (36 или 18,1%), а дел како работнички (26 или 13,0%).

## 6.2 Анализа на добиените резултати

За да се одговорат поставените прашања за ова истражување и се проверат хипотезите потребно е да се разгледаат добиените одговори на прашањата од прашалникот.

На првото прашање: *Сите религии треба да уживаат еднакви права пред државата?*, испитаниците одговориле на следниот начин:

**Табела 8. Распределеност на испитаниците според првото прашање:**
***Сите религии треба да уживаат еднакви права пред државата?***

| Одговори | Број на студенти | Процент |
|---|---|---|
| **воопшто не се согласувам** | 3 | 1,5 % |
| **не се согласувам** | 8 | 4,0 % |
| **не знам** | 21 | 10,6 % |
| **се согласувам** | 100 | 50,3 % |
| **потполно се согласувам** | 67 | 33,7 % |

**Графикон 9. Одговори на прашањето: Сите религии треба да уживаат еднакви права пред државата?**




Според добиените резултати може да се заклучи дека најголем број испитаници (167 или 84%) се согласуваат со тврдењето дека сите религии треба да уживаат еднакви права пред државата, додека сосема мал број испитаници (11 или 5,5%) не се согласуваат со тврдењето. Мал е бројот на испитаници (21 или 10,6%) кои немаат одредена став кон ова тврдење. Од одговорите на првото прашање може да се заклучи дека испитаниците имаат позитивен став спрема религиите и правата кои треба да ги уживаат. Тие не сметаат дека една религија треба да биде третирана поинаку од друга, односно сите се еднакви во правата кои ги добиваат.

На второто прашање: *Македонската Православна Црква е заштитник на идентитетот на државата и истата треба да има повластено место?*, испитаниците одговориле на следниот начин:

**Табела 8. Распределеност на испитаниците според второто прашање: *Македонската Православна Црква е заштитник на идентитетот на државата и истата треба да има повластено место?***

| Одговори | Број на студенти | Процент |
|---|---|---|
| воопшто не се согласувам | 51 | 25,6 % |
| не се согласувам | 41 | 20,6 % |
| не знам | 41 | 20,6 % |
| се согласувам | 43 | 21,6 % |
| потполно се согласувам | 17 | 8,5 % |

**Графикон 10. Одговори на прашањето: Македонската Православна Црква е заштитник на идентитетот на државата и истата треба да има повластено место?**




Според добиените резултати може да се види дека најголем број испитаници (92 или 46,2%) не се согласуваат со тврдењето дека МПЦ е заштитник на идентитетот на државата и истата треба да има повластено место, додека 60 (30,1%) испитаници се согласуваат се тврдењето. Околу една

петтина од испитаниците (41 или 20,6%) немаат одреден став кон истото. Второто прашање веќе носи информации за ставовите на испитаниците. Имено, иако тие на претходното прашање се изјаснија дека сите треба да уживаат исти права, на второто прашање одговориле според своите убедувања. Една третина од испитаниците сметаат дека МПЦ има надредена улога во државата. Од друга страна не е за занемарување и бројот на испитаниците, 20,6% кои немаат став по ова прашање, или не сакаат да го споделат.

На третото прашање: *Припадник на друга религија може да биде,* испитаниците одговориле на следниот начин:

**Табела 9. Распределеност на испитаниците според третото прашање: *Припадник на друга религија може да биде...***

| Одговори | Број на студенти | Процент |
|---|---|---|
| **мој/моја дечко/девојка** | 9 | 4,5 % |
| **мој близок пријател** | 45 | 22,6 % |
| **комшија** | 28 | 14,1 % |
| **наставник** | 14 | 7,0 % |
| **стопански партнер** | 11 | 5,5 % |
| **претседател на држава** | 19 | 9,5 % |
| **жител на мојата земја** | 73 | 36,7 % |

**Графикон 11. Одговори на прашањето: Припадник на друга религија може да биде**




Според добиените резултати може да се констатира дека најголем број испитаници (73 или 36,7%) одговориле дека припадник на друга религија може да живее во истата земја како и тие, повеќе од една петтина (45 или 22,6%) одговориле дека припадник на друга религија може да биде нив близок пријател, додека дел од нив (28 или 14,1%) прифаќаат да имаат комшија од друга религија. Помал е број на испитаници (19 или 9,5%) кои прифаќаат дека претседател на држава може да биде припадник на друга религија, а најмал е број на испитаници (9 или 4,5%) кои би имале дечко или девојка од друга религија.

Од добиените одговори може да се заклучи дека испитаниците како поинтимни ги доживуваат релациите дечко или девојка, како и наставник или претседател на држава. Според нивните одговри може да се констатира дека

тие прифаќаат во нивната земја да живеат луѓе припадници на друга религија, што би значело дека тие ќе имаат сознание дека тие живеат во иста држава, но ќе немаат чести контакти, или нивните контакти би биле повремени, како кај испитаниците кои одговориле дека ќе прифатат припадници од друга религија да бидат нивни комшии. Сепак, не е за занемарување и процентот на испитаниците кои одговориле дека припадник на друга религија може да биде нив близок пријател и со него да имаат поблиска релација

На 4 прашање: *Учењата на сите религии во Р. Македонија се позитивни и корисни,* испитаниците одговориле на следниот начин:

**Табела 10. Распределеност на испитаниците според четвртото прашање:**
***Учењата на сите религии во Р. Македонија се позитивни и корисни***

| Одговори | Број на студенти | Процент |
|---|---|---|
| **воопшто не се согласувам** | 30 | 15,1 % |
| **не се согласувам** | 73 | 36,7 % |
| **не знам** | 61 | 30,7 % |
| **се согласувам** | 27 | 13,6 % |
| **потполно се согласувам** | 8 | 4,0 % % |

**Графикон 12. Одговори на прашањето: Учењата на сите религии во Р. Македонија се позитивни и корисни**




Според добиените резултати може да се заклучи дека најголем број испитаници (103 или 41,8%) одговориле дека не се сложуваат со тврдењето дека учењата на сите религии во Р. Македонија се корисни и позитивни, односно дека не ги прифаќаат сите религии и имаат негативен став спрема нив. Само 35 (17,6%) испитаници се согласуваат со тврдењето и имаат позитивен став спрема сите религии во Р. Македонија. Значителен број испитаници (61 или 30,7%) се изјасниле дека не знаат дали сите религии во Р. Македонија се корисни и позитивни, односно или немаат одреден став спрема тврдењето или не сакале јавно да го искажат своето мислење по однос на ова тврдење.

Според добиените резултати може да се заклучи дека најголем број испитаници (103 или 41,8%) одговориле дека не се сложуваат со тврдењето дека учењата на сите религии во Р. Македонија се корисни и позитивни, односно дека не ги прифаќаат сите религии и имаат негативен став спрема нив. Само 35 (17,6%) испитаници се согласуваат со тврдењето и имаат

позитивен став спрема сите религии во Р. Македонија. Значителен број испитаници (61 или 30,7%) се изјасниле дека не знаат дали сите религии во Р. Македонија се корисни и позитивни, односно или немаат одреден став спрема тврдењето или не сакале јавно да го искажат своето мислење по однос на ова тврдење.

Според одговорите на ова прашање може да се заклучи дека голем е бројот на испитаниците кои имаат негативен став за различните религии од нивната. Со оглед дека најголем број испитаници се или христијани или муслимани, може да се каже дека нивните доживувања за религијата на другите се негативни, односно не се корисни. Останува да се провери колку всушност се тие запознаени со детали за другата религија, или своите ставови ги базираат на други искуства, без вистинско знаење и познавање на различните релгии.

На 5 прашање: *Сметам дека учењата на другите религии се погрешни,* испитаниците одговориле на следниот начин:

**Табела 11. Распределеност на испитаниците според петтото прашање:**
***Сметам дека учењата на другите религии се погрешни***

| Одговори | Број на студенти | Процент |
|---|---|---|
| **воопшто не се согласувам** | 30 | 15,1 % |
| **не се согласувам** | 73 | 36,7 % |
| **не знам** | 61 | 30,7 % |
| **се согласувам** | 27 | 13,6 % |
| **потполно се согласувам** | 8 | 4,0 % |

**Графикон 13. Одговори на прашањето: Сметам дека учењата на другите религии се погрешни**




Според добиените резултати може да се заклучи дека најголем број испитаници (103 или 41,8%) одговориле дека не се сложуваат со тврдењето дека учењата на другите религии се погрешни, односно дека ги прифаќаат сите религии и имаат позитивен став спрема нив. Само 35 (17,6%) испитаници се согласуваат со тврдењето и имаат став дека учењата на другите религии се погрешни. Значителен број испитаници (61 или 30,7%) се изјасниле дека не знаат дали учењата на другите религии се погрешни, односно или немаат одреден став спрема тврдењето или не сакале јавно да го искажат своето мислење по однос на ова тврдење.

Добиените резултати на ова прашање укажуваат на непознавање на разлчичната религија од сопствената, бидејќи голем е бројот на испитаниците кои се изјасниле дека немаат познавања за тоа дали учењата на другите религии се погрешни. Значаен е бројот на испитаници кои не се согласуваат со тврдењето, односно сметаат дека постои вистина во учењата на другите религии. Како заклучок кој може да се извлече и од одговорите од ова прашање е дека испитаниците немаат доволно познавања за другите релии различна од нивната за да можат здраворазумски да донесат сопствен став за овие прашања.

На 6 прашање испитаниците требаше да го изразат своето мислење за факторот кој најповолно влијае врз верската толеранција. Распределеноста на одговорите на испитаниците за ова прашање е прикажано во Табела 12.

**Табела 12. Степен на влијание на факторите врз верската толеранција**

| Фактор | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **образование** | 4 | 3 | 3 | 3 | 23 | 14 | 18 | 21 | 22 | 88 |
| **семејно воспитание** | 1 | 1 | 5 | 6 | 18 | 7 | 14 | 17 | 30 | 100 |
| **верска припадност на одредена религија** | 9 | 7 | 7 | 9 | 26 | 24 | 24 | 19 | 17 | 57 |
| **национална припадност** | 14 | 6 | 15 | 17 | 22 | 19 | 27 | 22 | 13 | 44 |
| **степен на социјалниот статус** | 10 | 4 | 9 | 16 | 23 | 26 | 35 | 18 | 18 | 40 |
| **нивото на комуникација меѓу луѓето** | 2 | 3 | 2 | 10 | 17 | 20 | 22 | 23 | 35 | 65 |
| **нивото на општите знаења** | 2 | 3 | 8 | 9 | 17 | 21 | 18 | 27 | 25 | 69 |
| **политичко определување** | 49 | 14 | 17 | 15 | 29 | 15 | 18 | 11 | 5 | 26 |

Според добиените резултати може да се увиди дека испитаниците најголемиот број фактори ги оцениле дека поволно влијаат на верската толеранција. Фактор, оценет како најзначаен од најголем број испитаници е факторот *семејно воспитание,* кој 100 испитаници го оцениле со највисока оцена 10. Исто така, високо оценет е и факторот *образование*, кој од страна на 88 испитаници е оценет со оцена 10. Како значајни фактори кои поволно влијаат на верската толеранција се издвојуваат и факторите *ниво на општи знаења и ниво на комуникација со луѓето*, додека како релативно значани се определени и факторите *верска припадност* и *национална припадност.* Фактор кој е оценет дека негативно влијае на верската толеранција е фактрот

*политичко определување*, кој од страна на 49 испитаници е оценет со најниската оцена 1.

Ако ги подредиме според нивното влијание врз верската толеранција редолседот на факторите би бил следниот (почнувајќи од највлијателниот па до најмалку влијателниот фактор):

1. Образование
2. Семејно воспитание
3. Ниво на комуникација меѓу луѓето
4. Ниво на општи знаења
5. Степен на социјален статус
6. Верска припадност на одредена религија
7. Национална припадност
8. Политичко определување

Факторите кои имаа најголемо влијание (првите четири фактори) претставуваат фактори на кои може да се влијае и да се изрши промена. Имено, образованието е нешто кое се стекнува, а денес во Р. Македонија со мерките за задолжително основно и средно образование, како и достапноста на високо образовни институции, овоможува младите луѓе да се стекнат со потребни знаења кои директно ќе имаат влијание врз верската толеранција. Секако треба да се обрне внимание и начинот на кој се стекнува образованието, односно темите со религиска содржина кои се обработуваат за време на формалното образование. Како и да е, сепак повисокиот степен на образование кај луѓето е подлога за градење добри меѓучовечки и меѓурелигиски односи.

Нивото на образование е исто така поврзано и се семејното воспитание кое ја гради секоја индивидуа и ги оформува нејзините вредности и ставови кон светот, вклучувајќи ги и ставот за другите религии. Родителите со правилно насочување можат многу да влијаат да се развие верска толеранција меѓу младите луѓе.

Наредните два фактори се исто така фактори на кои може да се влијае и кои може да се развиваат во насока на зголемување на верската толеранција помеѓу граѓаните во Р. Македонија. Општите знаења и начинот на кој луѓето комуницраат се аспекти кои се учат и развиваат во текот на животот. Затоа е

пожелно во овој правец да се насочат и обуките и проектите кои се стремат кон зголемување на верската толеранција.

На 7 прашање: *Сметам дека во учењата на другите религии има искривување?,* испитаниците одговориле на следниот начин:

**Табела 13. Распределеност на испитаниците според седмото прашање: *Сметам дека во учењата на другите религии има искривување?***

| Одговори | Број на студенти | Процент |
|---|---|---|
| **воопшто не се согласувам** | 9 | 4,5 % |
| **не се согласувам** | 38 | 19,1 % |
| **не знам** | 102 | 51,3 % |
| **се согласувам** | 42 | 21,1 % |
| **потполно се согласувам** | 8 | 4,0 % |

**Графикон 14: Одговори на прашањето: Сметам дека во учењата на другите религии има искривување**



Според добиените резултати може да се заклучи дека најголем број испитаници (102 или 51,3%) не знаат дали во учењата на другите религии има искривувања, што покажува дека тие немаат познавања од учењата на другите религии, освен сопствената. Скоро идентичен е бројот на испитаници кои не се сложуваат со тврдењето (47 или 23,6%) со бројот на испитаници кои се сложуваат со тврдењето (49 или 25,1%).

Добиените одговори повторно навестуваат дека на испитаниците им недостасуваат вистински познавања за другите религии за да можат да изнесат сопствени мислења и ставови по одредени прашања. Повторно ја нагласуваме потребата од едукација за различните религии кај младата популација во Р. Македонија.

На 8 прашање: *Не ми пречи изградба на цркви/џамии врз јавни површини*, испитаниците одговориле на следниот начин:

**Табела 14. Распределеност на испитаниците според осмото прашање: *Не ми пречи изградба на цркви/џамии врз јавни површини***

| Одговори | Број на студенти | Процент |
|---|---|---|
| **воопшто не се согласувам** | 45 | 22,6 % |
| **не се согласувам** | 66 | 33,2 % |
| **не знам** | 24 | 12,1 % |
| **се согласувам** | 41 | 20,6 % |
| **потполно се согласувам** | 23 | 11,6% |

**Графикон 15. Одговори на прашањето: Не ми пречи изградба на цркви/џамии врз јавни површини**




Според добиените резултати може да се заклучи дека најголем број испитаници (55,8%) имаат негативен став спрема тврдењето и им пречи изградбата на цркви/џамии врз јавни површини, додека околу една третина од испитаниците (64 или 32,2%) се согласуваат со тврдењето и не им пречи изградба на верски објекти врз јавни површини.

Во последните година на територијата на Р. Македонија е зголемен бројот на новоизградените верски објекти, кои ако судиме според добиените одговори на испитаниците негативно делуваат врз религиската толеранција.

На 9 прашање: *Немам ништо против мешаните бракови*, испитаниците одговориле на следниот начин:

**Табела 15. Распределеност на испитаниците според деветото прашање: *Немам ништо против мешаните бракови***

| Одговори | Број на студенти | Процент |
|---|---|---|
| **воопшто не се согласувам** | 62 | 31,2 % |
| **не се согласувам** | 45 | 22,6 % |
| **не знам** | 20 | 10,1 % |
| **се согласувам** | 52 | 26,1 % |
| **потполно се согласувам** | 20 | 10,0 % |

**Графикон 16. Одговори на прашањето: Немам ништо против мешаните бракови**




Од добиените резултати може да се увиди дека најголем број испитаници (107 или 53,8%) се изјасниле дека не се согласуваат со мешаните бракови, односно се против мешани бракови, за разлика од бројот на испитаници (72 или 36,1%) кои се согласуваат со тврдењето и немаат ништо против мешаните бракови. Мал е бројот на испитаници (20 или 10,1%) кои немаат изграден став спрема тврдењето.

Од добиените резултати може да се увиди дека најголем број испитаници (107 или 53,8%) се изјасниле дека не се согласуваат со мешаните бракови, односно се против мешани бракови, за разлика од бројот на испитаници (72 или 36,1%) кои се согласуваат со тврдењето и немаат ништо против мешаните бракови. Мал е бројот на испитаници (20 или 10,1%) кои немаат изграден став спрема тврдењето.

Испитаниците преку ова прашање ја изразиле својата загриженост за мешаните браковите и својот негативен став по ова прашање. Тие ги осудуваат, односно не ги одобруваат мешаните бракови, што е голем показател за религиска нетолеранција, или кажано поинаку голема осетливост за религиската припадност на луѓето во Р. Македонија.

На 10 прашање: *Запознавањето со верското учење на другите религии може да влијае негативно врз моите верски убедувања*, испитаниците одговориле на следниот начин:

**Табела 16. Распределеност на испитаниците според десетото прашање:** ***Запознавањето со верското учење на другите религии може да влијае негативно врз моите верски убедувања***

| Одговори | Број на студенти | Процент |
|---|---|---|
| воопшто не се согласувам | 48 | 24,1 % |
| не се согласувам | 75 | 37,7 % |
| не знам | 40 | 20,1 % |
| се согласувам | 29 | 14,6 % |
| потполно се согласувам | 7 | 3,5 % |

**Графикон 17. Одговори на прашањето: Запознавањето со верското учење на другите религии може да влијае негативно врз моите верски убедувања**




Од добиените резултати може да се заклучи дека најголем број испитаници (123 или 61,8%) не се сложуваат со тврдењето дека запознавањето со верско учење на други религии може да влијае негативно врз нивните убедувања, односно имаат позитивен став дека зголемувањето на знаењата за верските учења на други религии може позитивно да влијае на нивните верски убедувања, надминување на некои предрасуди и стереотипи за другите религии. Многу е помал бројот на испитаници (36 или 18,1%) кои се сложуваат со тврдењето и сметаат дека запознавањето со верските учења на други религии ќе влијае негативно на нивните верски убедувања.

Резултатите добиени на ова прашање даваат надеж во можноста да се гради и развива религиската толеранција помеѓу луѓето во Р. Македонија. Исто така, преку одговорите на ова прашање може да се детектира дека помеѓу испитаниците постојат и млади луѓе кои имаат силни предрасуди, односно убедувања за другите религии, кои потешко би ги промениле, како и спротиставување да научат или примат нови позитивни информации за другите религии.

На 11 прашање: *Дискусиите за религиските прашања можат да бидат одлична основа за подобро меѓусебно запознавање*, испитаниците одговориле на следниот начин:

**Табела 16. Распределеност на испитаниците според единаесетото прашање: *Дискусиите за религиските прашања можат да бидат одлична основа за подобро меѓусебно запознавање***

| Одговори | Број на студенти | Процент |
|---|---|---|
| **воопшто не се согласувам** | 5 | 2,5 % |
| **не се согласувам** | 13 | 6,5 % |
| **не знам** | 36 | 18,1 % |
| **се согласувам** | 114 | 57,3 % |
| **потполно се согласувам** | 31 | 15,6 % |

**Графикон 18. Одговори на прашањето: Дискусиите за религиските прашања можат да бидат одлична основа за подобро меѓусебно запознавање**



Од добиените резултати може да се види дека најголем број испитаници (144 или 72,9%) се согласуваат со тврдењето дека дискусиите за религиските прашања можат да бидат одлична основа за подобро меѓусебно запознавање. Многу е мал бројот на испитаници (18 или 9%) кои не се согласуваат со тврдењето и сметаат дека дискусиите за религиските прашања не се добра основа за подобро меѓусебно запознавање.

Одговорите на ова прашање одат во прилог со тезите на едукација на младите луѓе и подобрување на религиската толеранција. Најголем број од испитаниците се отворени за разговори и учење нови работи за другите религии, преку дискусии и разговори.

На 12 прашање: *Опишувањето на некои типови насилство со придавката верски е неприфатливо*, испитаниците одговориле на следниот начин:

**Табела 17. Распределеност на испитаниците според дванаесетото прашање: *Опишувањето на некои типови насилство со придавката верски е неприфатливо***

| Одговори | Број на студенти | Процент |
|---|---|---|
| **воопшто не се согласувам** | 15 | 7,5 % |
| **не се согласувам** | 36 | 18,1 % |
| **не знам** | 63 | 31,7 % |
| **се согласувам** | 56 | 28,1 % |
| **потполно се согласувам** | 29 | 14,6 % |

**Графикон 19. Одговори на прашањето: Опишувањето на некои типови насилство со придавката верски е неприфатливо**




Според добиените резултати може да се увиди дека поголем број испитаници (85 или 42,7%) се согласуваат со тврдењето дека опишувањето на некои типови насилство со придавката верски е неприфатливо и не го одобруваат, додека помал број испитаници (51 или 25,6%) не се согласуваат со тврдењето. Значителен е бројот на испитаници (63 или 31,7%) кои немаат изградено став спрема тврдењето.

Според добиените одговори на ова прашање може да се констатира дека испитаниците се осетливи на користењето на придавката верски, особено во конотација на насилство. Кај овие одговори значително е да се истакне бројот на испитаници кои немаат определн став по прашањето или можеби недоволно информации за да се определат дали ги одобруваат или не ваквите описи. Значителен е бројот на испитаниците кои кои сметаат дека е

неприфатливо настаните кои се насилни да се етикетираат како верски и со тоа да придонесат кон зголемување на религиската нетолреанција помеѓу граѓаните во Р. Македонија.

На 13 прашање: *Мешаните бракови значат несигурна иднина за децата*, испитаниците одговориле на следниот начин:

**Табела 18. Распределеност на испитаниците според тринаесетото прашање: *Мешаните бракови значат несигурна иднина за децата***

| Одговори | Број на студенти | Процент |
|---|---|---|
| **воопшто не се согласувам** | 16 | 8,0 % |
| **не се согласувам** | 44 | 22,1 % |
| **не знам** | 36 | 18,1 % |
| **се согласувам** | 66 | 33,2 % |
| **потполно се согласувам** | 36 | 18,1 % |

**Графикон 20. Одговори на прашањето: Мешаните бракови значат несигурна иднина за децата**



Според добиените резултати може да се заклучи дека најголем број испитаници (102 или 51,3%) се слогласуваат со тврдењето дека мешаните бракови значат несигурна иднина за децата, што укажува на фактот дека не ги поддржуваат мешаните бракови. Помал дел од испитаници (60 или 30,1%) не се сложуваат со тврրдењето и не сметаат дека мешаните бракови значат и несигурна иднина за децата од тие бракови.

Големиот број на одговори на испитаниците кои сметаат дека дека мешаните бракови значат несигурна иднина за децата исто така укажува и на нивниот став и видување за сегашната ситуација во Р. Македонија и нивната проценка за религиската толеранција. Нивниот став веројатно се базира и врз убедувањето дека поради религиската нетолеранција очекуваат мешаните бракови ќе опстанат и ќе бидат успешни бракови со сигурна иднина.

На 14 прашање: *Човекот може да се чувствува потполно сигурен само ако живее во средина во која мнозинството се припадници на неговата вера*, испитаниците одговориле на следниот начин:

**Табела 19. Распределеност на испитаниците според четиринаесетото прашање:**

***Човекот може да се чувствува потполно сигурен само ако живее во средина во која мнозинството се припадници на неговата вера***

| Одговори | Број на студенти | Процент |
|---|---|---|
| **воопшто не се согласувам** | 11 | 5,5 % |
| **не се согласувам** | 44 | 22,1 % |
| **не знам** | 17 | 8,5 % |
| **се согласувам** | 81 | 40,7 % |
| **потполно се согласувам** | 46 | 23,1 % |

**Графикон 21. Одговори на прашањето: Човекот може да се чувствува потполно сигурен само ако живее во средина во која мнозинството се припадници на неговата вера**




Од добиените резултати може да се заклучи дека најголем број испитаници (127 или 63,8%) се согласуваат со тврдењето дека човек може да се чувствува потполно сигурен само ако живее во средина во која мнозинството се припадници на неговата вера, шшто зборува за низок степен на верска толеранција од страна на оваа група испитаници. Многу е мал бројот на испитаници (17 или 8,5%) кои немаат одреден став кон ова тврдење, за разлика од скоро една третина од испитаниците (55 или 27,6%) кои не се согласуваат со тврдењето.

Одговорот на ова прашање е уште еден показател дека помеѓу испитанците владее ниска религиска толеранција, а исто така, може да ги согледаме одговорите и како отсликување на реалноста и контекстот во кој тие живеат. Овој одговор е уште еден поттик дека треба да се делува и позитивно да се развива религиската толеранција.

На 15 прашање: *Човечноста на една личност е поважна од неговата религиска припадност*, испитаниците одговориле на следниот начин:

**Табела 20. Распределеност на испитаниците според петнесетото прашање: *Човечноста на една личност е поважна од неговата религиска припадност***

| Одговори | Број на студенти | Процент |
|---|---|---|
| **воопшто не се согласувам** | 13 | 6,5 % |
| **не се согласувам** | 24 | 12,1 % |
| **не знам** | 25 | 12,6 % |
| **се согласувам** | 74 | 37,2 % |
| **потполно се согласувам** | 63 | 31,7 % |

**Графикон 22. Одговори на прашањето: Човечноста на една личност е поважна од неговата религиска припадност**




Од добиените резултати може да се увиди дека најголем број испитаници (137 или 68,9%) се согласуваат со тврдењето дека човечноста на една личност е поважна од неговата религиска припадност, што укажува на

фактот дека тие ја гледаат индивидуата како поединец, со сопствени карактеристики, а не само како припадник на некоја верска заедница. Многу е помал бројот на испитаници (37 или 18,6%) кои не се согласуваат со тврдењето и сметаат дека религиската припадност на некој човек е побитна карактеристика од неговата човечност, како личносна особина.

Резултатите добиени преку ова прашање даваат позитивен впечаток за можноста и расположението да се развива религиската толеранција во Р. Македонија. Однесувањето и третманот на секое човечко битие како посебно индивидуа без етикетирање на припадноста на одредена религија е добар показател за просторот за развој на религиската толеранција. Исто така, овој податокукажува и на поделбите на луѓето кои се прават секојдневно само врз основа на припадноста на одредена религија, без при тоа да се земат предвид останатаите карактеристики на личноста.

На 16 прашање: *Дружењето со припадници од иста вера помага во зачувување на верскиот идентитет*, испитаниците одговориле на следниот начин:

**Табела 21. Распределеност на испитаниците според шеснаесетото прашање: *Дружењето со припадници од иста вера помага во зачувување на верскиот идентитет***

| Одговори | Број на студенти | Процент |
|---|---|---|
| **воопшто не се согласувам** | 10 | 5,0 % |
| **не се согласувам** | 34 | 17,1 % |
| **не знам** | 33 | 16,6 % |
| **се согласувам** | 82 | 41,2 % |
| **потполно се согласувам** | 40 | 21,5 % |

**Графикон 23. Одговори на прашањето: Дружењето со припадници од иста вера помага во зачувување на верскиот идентитет**




Според добиените резултати може да се заклучи дека најголем број испитаници (122 или 62,7%) се согласуваат со тврдењето дека дружењето со припадници од иста вера помага во зачувување на верскиот идентитет. Помал е бројот на испитаници (44 или 22,1%) кои не се согласуваат со тврдењето.

Овие резултати укажуваат и на потребата да се припаѓа на одредена група, особено е значајно припаѓањето на одредена религиска група, која носи и појава на одредени чувства, безбедност и сигурност. Луѓето секогаш имаат тенденција да се групираат и желни се да припаѓаат во одредени групи, бидејќи ние сме социјални битија.

На 17 прашање: *Мултиконфесионалноста е вредност за едно општество,* испитаниците одговориле на следниот начин:

**Табела 22. Распределеност на испитаниците според седумнаесетото прашање: *Мултиконфесионалноста е вредност за едно општество***

| Одговори | Број на студенти | Процент |
|---|---|---|
| воопшто не се согласувам | 5 | 2,5 % |
| не се согласувам | 11 | 5,5 % |
| не знам | 84 | 42,2 % |
| се согласувам | 72 | 36,2 % |
| потполно се согласувам | 27 | 13,6 % |

**Графикон 24. Одговори на прашањето: Мултиконфесионалноста е вредност за едно општество**




Од добиените резултати може да се увиди дека е голем бројот на испитаници (99 или 49,8%) кои се согласуваат со тврдењето дека мултиконфесионалноста е вредност за едно општество. Значителен е бројот на идпитаници (84 или 42,2%) кои одговориле дека не знаат дали мултиконфесионалноста е вредност за едно општество.

Интересен показател според одговорите на ова прашање е бројот на испитаници кои немаат јасен став или избегнале да го дадат. Овие испитаници

не се убедени во тврдењето дека мултиконфесионалноста има позитивно влијание за општеството, меѓу другото можеби и поради лошото искуство во минатото. Секако, треба да се истакне и значајниот број на испитаници кои се согласуваат со тврдењето и покажуваат позитивне став спрема другите религии и висока религиска толеранција.

На 18 прашање: *ИВЗ придонесува за градење на клима на разбирање и толеранција*, испитаниците одговориле на следниот начин:

**Табела 23. Распределеност на испитаниците според осумнаесетото прашање: *ИВЗ придонесува за градење на клима на разбирање и толеранција***

| Одговори | Број на студенти | Процент |
|---|---|---|
| **воопшто не се согласувам** | 6 | 3,1 % |
| **не се согласувам** | 32 | 16,1 % |
| **не знам** | 84 | 42,2 % |
| **се согласувам** | 54 | 27,1 % |
| **потполно се согласувам** | 23 | 11,5 % |

**Графикон 25. Одговори на прашањето: ИВЗ придонесува за градење на клима на разбирање и толеранција**



Од добиените резултати може да се види дека најголем број испитаници (84 или 42,2%) не знаат дали ИВЗ придонесува за градење на клима на разбирање и толеранција, што укажува на тоа дека тие или немаат одреден став кон тврдењето или не сакале јавно да го искажат своето мислење. Поголем е бројот на испитаници (77 или 38,6%) кои се согласуваат со тврдењето, за разлика од помалиот број испитаници (38 или 19,2%) кои не се согласуваат со тврдењето. Испитаниците кои се изјасниле декат не знаат дали ИВЗ придонесува за градење на клима на разбирање и толеранција можеби инавистина немаат доволно информации за ИВЗ, ниту ги следат во медиумите нејзините активности. Овој податок може да укаже на потребата на соодветен пристап и пренесување на информациите од ИВЗ до сите граѓани во Р. Македонија.

На 19 прашање: *Сите граѓани на една држава треба да припаѓаат на една религија и црква*, испитаниците одговориле на следниот начин:

**Табела 24. Распределеност на испитаниците според деветнаесетото прашање: *Сите граѓани на една држава треба да припаѓаат на една религија и црква***

| Одговори | Број на студенти | Процент |
|---|---|---|
| **воопшто не се согласувам** | 86 | 43,2 % |
| **не се согласувам** | 83 | 41,7 % |
| **не знам** | 8 | 4,0 % |
| **се согласувам** | 22 | 11,1 % |
| **потполно се согласувам** | 0 | 0 |

**Графикон 26. Одговори на прашањето: Сите граѓани на една држава треба да припаѓаат на една религија и црква**




Од добиените резултати може да се заклучи дека најголем број испитаници (169 или 84,9%) не се согласуваат со тврдењето дека сите граѓани на една држава треба да припаѓаат на една религија, односно оправдуваат постоење на повеќе религии и верски објекти во рамките на една држава. Начинот на кој е поставено ова прашање алудира на христијанството како религија, бидејќи споменува црква. Сепак, големиот број на испитаници кои не се согласиле со тврдењето укажува на отвореноста на постоење на различни религии и висок степен на религиска толеранција.

На 20 прашање: *Кон припадниците на други религии треба да имаме недоверба дури и кога ни се пријатели*, испитаниците одговориле на следниот начин:

**Табела 25. Распределеност на испитаниците според дваесетото прашање:** ***Кон припадниците на други религии треба да имаме недоверба дури и кога ни се пријатели***

| Одговори | Број на студенти | Процент |
|---|---|---|
| воопшто не се согласувам | 27 | 13,6 % |
| не се согласувам | 89 | 44,7 % |
| не знам | 32 | 16,1 % |
| се согласувам | 44 | 22,1 % |
| потполно се согласувам | 7 | 3,5 % |

**Графикон 27. Одговори на прашањето: Кон припадниците на други религии треба да имаме недоверба дури и кога ни се пријатели**




Од добиените резултати може да се увиди дека најголем број испитаници (116 или 58,3%) не се согласуваат со тврдењето дека кон припадниците на други религии треба да имаме недоверба дури и кога ни се пријатели, што би значело дека овие испитаници сметаат дека кога некој им е

пријател имаат доверба спрема него, без разлика дали е од иста или друга религија. Многу е помал бројот на испитаници (51 или 25,6%) кои се согласуваат со тврдењето и ја ставаат религијата пред пријателството кога ја градат довербата спрема другите. Ако го погледнеме ова прашање од аспект на религиската толеранција, би можеле да кажеме дека една четвртина од испитанците пројавува религиска нетолеранција, покажувајќи отворена спротиставеност кон припадниците на други религии и контактите кои би ги остварувале со нив како пријатели.

На 21 прашање: *Во Р. Македонија многу повеќе се инсистира на правата на малцинските верски заедници отколку на правата на МПЦ*, испитаниците одговориле на следниот начин:

**Табела 26. Распределеност на испитаниците според дваесет и првото прашање *Во Р. Македонија многу повеќе се инсистира на правата на малцинските верски заедници отколку на правата на МПЦ***

| Одговори | Број на студенти | Процент |
|---|---|---|
| **воопшто не се согласувам** | 32 | 16,1 % |
| **не се согласувам** | 32 | 16,1 % |
| **не знам** | 62 | 31,2 % |
| **се согласувам** | 65 | 32,7 % |
| **потполно се согласувам** | 8 | 4,0 % |

**Графикон 28. Одговори на прашањето: Во Р. Македонија многу повеќе се инсистира на правата на малцинските верски заедници отколку на правата на МПЦ**




Според добиените резултати може да се увиди дека е скоро изедначен бројот на испитаници кои се согласуваат со тврдењето (73 или 36,7%) дека во Р. Македонија многу повеќе се инсистира на правата на малцинските верски заедници отколку на правата на МПЦ, со бројот на испитаници кои не се согласуваат со тврдењето (64 или 32,2%), како и со бројот на испитаници кои немаат изграден став спрема истото тврдење (62 или 31,2%). Ваквата распределеност на одговорите укажува дека секој испитаник го одгворил прашањето од свој личен аспект имајќи предвид сопствената религиска припадност. Ваквото цврсто позиционирање кое не дозволува да се погледант нештата од друг агол исто така може да придонесува до зголемена религиска нетолеранција.

На 22 прашање: *Со право се смета дека исламскиот тероризам е најголема опасност за слободниот свет*, испитаниците одговориле на следниот начин:

**Табела 27. Распределеност на испитаниците според дваесет и второто прашање: *Со право се смета дека исламскиот тероризам е најголема опасност за слободниот свет***

| Одговори | Број на студенти | Процент |
|---|---|---|
| воопшто не се согласувам | 61 | 30,7 % |
| не се согласувам | 23 | 11,6 % |
| не знам | 42 | 21,1 % |
| се согласувам | 56 | 28,1 % |
| потполно се согласувам | 17 | 8,5 % |

**Графикон 29. Одговори на прашањето: Со право се смета дека исламскиот тероризам е најголема опасност за слободниот свет**



Според добиените резултати може да се заклучи дека поголем број испитаници (84 или 42,3%) не се согласуваат со тврдењето дека исламскиот тероризам е најголема опасност за слободниот свет, но исто така, значителен број испитаници (73 или 36,6%) се согласуваат со тврдењето. Ваквите покажаните ставови според дадените одговори на ова прашање укажуваат на ситуацијата која се отсликува и во претходното прашање – цврстото позиционирање и врзувањето за религиската припадност како единствена виситна при одговарање на прашањата. Ова е место од каде што може да почне да се работи при развивањето на религиската толеранција помеѓу граѓаните во Р. Македонија.

На 23 прашање: *Кога би имале право да бирате кого би го одбрале за прв сосед?*, испитаниците одговориле на следниот начин:

**Табела 28. Распределеност на испитаниците според дваесет и третото прашање: *Кога би имале право да бирате кого би го одбрале за прв сосед?***

| Одговори | Број на студенти | Процент |
|---|---|---|
| **муслиман** | 104 | 52,3 % |
| **православен христијанин** | 79 | 39,7 % |
| **католик христијанин** | 10 | 5,0 % |
| **евреин** | 4 | 2,0 % |
| **адвентист** | 2 | 1,0 % |

**Графикон 30. Одговори на прашањето: Кога би имале право да бирате кого би го одбрале за прв сосед**




Според добиените резултати може да се заклучи дека најголем број испитаници (104 или 52,3%) преферираат за прв сосед да имаат човек кој е муслиман, додека значително голем е и бројот на испитаници (79 или 39,7%) кои одбрале да живеат покрај православем христијанин како прв сосед. Според дадените одговори може да се заклучи дека најголемиот број испитаници преферираат да живеат во близина на луѓе кои се од иста религиска припадност како и нив.

На 24 прашање: *Почитувањето на другите вери е израз на почитувањето на својата вера?*, испитаниците одговориле на следниот начин:

**Табела 29. Распределеност на испитаниците според дваесет и четвртото прашање: *Почитувањето на другите вери е израз на почитувањето на својата вера***

| Одговори | Број на студенти | Процент |
|---|---|---|
| воопшто не се согласувам | 7 | 3,5 % |
| не се согласувам | 13 | 6,5 % |
| не знам | 19 | 9,5 % |
| се согласувам | 106 | 53,3 % |
| потполно се согласувам | 54 | 27,1 % |

**Графикон 31. Одговори на прашањето: Почитувањето на другите вери е израз на почитувањето на својата вера**




Од добиените резултати се гледа дека најголем број испитаници (161 или 80,4%) се согласуваат со тврдењето дека почитувањето на другите вери е израз на почитување на својата вера, што претставува најголем процент на сложување досега, ако се земат досега презентираните резултати. Многу е мал бројот на испитаници (20 или 10%) кои не се согласуват со поставеното тврдење.

Одговорите добиени на ова прашање укажува на еден значаен факт – а тоа е дека во основата на двете религии е поуката да се почитуваат другите. Оттука и големиот процент на испитаниците кои потврдно одговориле на тврдењето. Ваквата позиција на согласување укажува и на постоењето на големи сличности во религиските учења, кои треба да им се укажат на најразлични начини на луѓето во Р. Македонија, а кои позитивно ќе влијаат на развивање на религиската толеранција.

На 25 прашање: *Веронауката во училиштата ќе доведе до подобра манифестација на моралните норми на секоја религија*, испитаниците одговориле на следниот наичн:

**Табела 30. Распределеност на испитаниците според дваесет и петтото прашање: *Веронауката во училиштата ќе доведе до подобра манифестација на моралните норми на секоја религија***

| Одговори | Број на студенти | Процент |
|---|---|---|
| **воопшто не се согласувам** | 10 | 5,0 % |
| **не се согласувам** | 30 | 15,1 % |
| **не знам** | 43 | 21,6 % |
| **се согласувам** | 86 | 43,2 % |
| **потполно се согласувам** | 30 | 15,1 % |

**Графикон 32. Одговори на прашањето: Веронауката во училиштата ќе доведе до подобра манифестација на моралните норми на секоја религија**




Од добиените резултати се гледа дека најголем број испитаници (116 или 58,3%) се согласуваат со тврдењето дека веронауката во училиштата ќе доведе до подобра манифестација на моралните норми на секоја религија. Многу е помал бројот на испитаници (40 или 20,1%) кои не се согласуваат со тврдењето и се против воведувањето веронаука во училиштата, односно не го гледаат позитивниот ефект од неа.

Ставот кој го покажуваат испитаниците преку ова прашање остава добар впечаток за иднинте можни активности во наока на развивање на религиската толеранција преку едукација и зголемување на општит сознанија на граѓаните за моралните норми на секоја религија.

На 26 прашање: *Изградбата на џамија на плоштадот во Скопје ќе биде доказ дека Р. Македонија гради толерантно општество*, испитаниците одговориле на следниот начин:

**Табела 31. Распределеност на испитаниците според дваесет и шестото прашање: *Изградбата на џамија на плоштадот во Скопје ќе биде доказ дека Р. Македонија гради толерантно општество***

| Одговори | Број на студенти | Процент |
|---|---|---|
| воопшто не се согласувам | 26 | 13,1 % |
| не се согласувам | 52 | 26,1 % |
| не знам | 24 | 12,1 % |
| се согласувам | 33 | 16,6 % |
| потполно се согласувам | 64 | 32,2 % |

**Графикон 33. Одговори на прашањето: Изградбата на џамија на плоштадот во Скопје ќе биде доказ дека Р. Македонија гради толерантно општество**




Од добиените резултати може да се заклучи дека не е голема разликата помеѓу бројот на испитаниците кои се согласуваат со тврдењето (97 или 48,8%) и бројот на испитаници кои не се согласуваат со тврдењто (78 или 39,2%) дека изградбата на џамија на плоштадот во Скопје ќе биде доказ дека Р. Македонија гради толерантно општество.

Одговорите на ова прашање само потврдуваат дека секој од испитаниците одговарал според сопствената религиска определба, но не претставува значаен показател за религиската толернација во Р. Македонија.

На 27 прашање: *Мултикултурализмот повеќе доведе до сегрегација отколку до интеграција*, испитаниците одговориле на следниот начин:

**Табела 32. Распределеност на испитаниците според дваесет и седмото прашање: *Мултикултурализмот повеќе доведе до сегрегација отколку до интеграција***

| Одговори | Број на студенти | Процент |
|---|---|---|
| воопшто не се согласувам | 7 | 3,5 % |
| не се согласувам | 29 | 14,6 % |
| не знам | 81 | 40,7 % |
| се согласувам | 68 | 34,2 % |
| потполно се согласувам | 14 | 7,0 % |

**Графикон 34. Одговори на прашањето: Мултикултурализмот повеќе доведе до сегрегација отколку до интеграција**



Од добиените резултати може да се увиди дека поголем број на испитаници (82 или 41,2%) се согласуваат со тврдењето дека мултикултурализмот повеќе доведе до сегрегација отколку до интеграција. Значителен е бројот на испитаници (81 или 40,7%) кои се изјасниле дека не знаат дали е тоа вистина или не, односно немаат одреден став спрема истото тврдење.

Ваквите одговори кои се добиени на ова прашање треба да ги насочат идните прашања поврзани со религиска толеранција и на начините на досегашното справување со проблемите кои се појавувале поради различните религии, односно контактите кои се оствариле или не можеле да се остварат поради поделбата на луѓето според нивната религиска припадност. Научените лекции од претходниот период можат да послужат како добра појдовна точка за оден развој и подобрување на религиската толеранција.

На 28 прашање: *Ми пречи носењето на религиски симболи на јавни места*, испитаниците се изјасниле на следниот начин:

**Табела 33. Распределеност на испитаниците според дваесет и осмото прашање: *Ми пречи носењето на религиски симболи на јавни места***

| Одговори | Број на студенти | Процент |
|---|---|---|
| **воопшто не се согласувам** | 35 | 17,6 % |
| **не се согласувам** | 59 | 29,6 % |
| **не знам** | 31 | 15,6 % |
| **се согласувам** | 49 | 24,6 % |
| **потполно се согласувам** | 25 | 12,6 % |

**Графикон 35. Одговори на прашањето: Ми пречи носењето на религиски симболи на јавни места**




Според добиените резултати може да се заклучи дека на поголем број испитаници (94 или 47,2%) не се согласуваат со тврдењето, односно не им пречи носењето на религиски симболи на јавни места, додека помал дел од испитаниците (74 или 37,2%) се согласуваат со тврдењето и укажуваат на тоа дека им пречи носењето на верски симболи на јавни места.

Иксажувањето на припадност кон одредена религиска група, како и носењето на религиски симболи и човечко право, кое е загарантирано со Уставот на Р. Македонија, а според добиените одговори од испитаниците, тие ова право го прифаќаат и почитуваат. Сепак, не е за занемарување и бројот на испитаниците кои се притиват и се изјаснуваат дека им пречи носењето на религиски симболи на јавни места.

На 29 прашање: *Глобализацијата е опасност за моите религиски убедувања*, испитаниците одговориле на следниот начин:

**Табела 34. Распределеност на испитаниците според дваесет и деветото прашање: *Глобализацијата е опасност за моите религиски убедувања***

| Одговори | Број на студенти | Процент |
|---|---|---|
| воопшто не се согласувам | 21 | 10,6 % |
| не се согласувам | 73 | 36,7 % |
| не знам | 66 | 33,2 % |
| се согласувам | 31 | 15,6 % |
| потполно се согласувам | 8 | 4,0 % |

**Графикон 36. Одговори на прашањето: Глобализацијата е опасност за моите религиски убедувања**




Од добиените резултати може да се види дека најголем број испитаници (94 или 47,3%) не се согласуваат со тврдењето дека глобализацијата е опасност за нивните религиски убедувања и имаат позитивен став спрема процесот на глобализацијата. Значителен број испитаници (66 или 33,2%) не знаат дали ова тврдење е вистина или не за нив, односно немаат одреден став спрема истото. Овие испитаници не ја поврзуваат глобализацијата со религијата.

На 30 прашање: *Соработката на нашата држава со православните држави ми дава чувство на сигурност*, испитаниците одговориле на следниот начин:

**Табела 35. Распределеност на испитаниците според триесетото прашање: *Соработката на нашата држава со православните држави ми дава чувство на сигурност***

| Одговори | Број на студенти | Процент |
|---|---|---|
| **воопшто не се согласувам** | 37 | 18,6 % |
| **не се согласувам** | 55 | 27,6 % |
| **не знам** | 41 | 20,6 % |
| **се согласувам** | 54 | 27,1 % |
| **потполно се согласувам** | 12 | 6,0 % |

**Графикон 37. Одговори на прашањето: Соработката на нашата држава со православните држави ми дава чувство на сигурност**



Според добиените резултати може да се заклучи дека поголем број испитаници (92 или 46,2%) не се согласуваат со тврдењето дека соработката на нашата држава со православните држави им дава чувство на сигурност, додека значителен број испитаници (66 или 33,1%) се согласуваат со истото тврдење. Мора да се напомене дека ваквиот начин на поставување на прашањата исто така придонесува до поглемо врзување и припаѓање на одредена религиска група и прифаќање или отфрлање на тврдењето. Но од друга страна овој наичн на поделба, преку прашањата придонесува и до зголемување на религиската нетолеранција и поделеност на граѓаните во Р. Македонија.

На 31 прашање: *Се чувствувам непријатно кога дознавам дека член на моето потесно семејство ја променил верата*, испитаниците одговориле на следниот начин:

**Табела 36. Распределеност на испитаниците според триесет и првото прашање: *Се чувствувам непријатно кога дознавам дека член на моето потесно семејство ја променил верата***

| Одговори | Број на студенти | Процент |
|---|---|---|
| **воопшто не се согласувам** | 26 | 13,1 % |
| **не се согласувам** | 22 | 11,1 % |
| **не знам** | 28 | 14,1 % |
| **се согласувам** | 47 | 23,6 % |
| **потполно се согласувам** | 76 | 38,2 % |

**Графикон 38. Одговори на прашањето: Се чувствувам непријатно кога дознавам дека член на моето потесно семејство ја променил верата**




Според добиените резултати може да се увиди дека најголем број испитаници (123 или 61,8%) се согласуваат со тврдењето дека се чувствуваат непријатно кога дознаваат дека член од семејството ја променил верата. Многу е помал бројот на испитаници (48 или 24,2%) кои не се согласуваат со тврдењето и изјавуваат дека не би се чувствувале непријатно ако се случи таков настан во нивното семејство. Сепак, покрај ова прашање останува непознат и податокот дали и колку блиски луѓе испитаниците познаваат кои навистина ја промениле верата.

На 32 прашање: *Менувањето на верата е чин еднаков на предавство,* испитаниците одговориле на следниот начин:

**Табела 37. Распределеност на испитаниците според триесет и второто прашање: *Менувањето на верата е чин еднаков на предавство***

| Одговори | Број на студенти | Процент |
|---|---|---|
| **воопшто не се согласувам** | 18 | 9,0 % |
| **не се согласувам** | 26 | 13,1 % |
| **не знам** | 33 | 16,6 % |
| **се согласувам** | 46 | 23,1 % |
| **потполно се согласувам** | 76 | 38,2 % |

**Графикон 39. Одговори на прашањето: Менувањето на верата е чин еднаков на предавство**




Од добиените резултати може да се заклучи дека најголем број испитаници (122 или 61,3%) се согласуваат со тврдењето дека менувањето на верата е чин еднаков на предавство, односно искажуваат негативен став спрема менувањето на верата воопшто. Помал број испитаници (44 или 22,1%) не се согласуваат со тврдењето и не го доживуваат менувањето на верата како предавство.

На 33 прашање: *Секој конфликт во кој се злоупотребуваат верските чувства за мене е неприфатлив*, испитаниците одговориле на следниот начин:

**Табела 38. Распределеност на испитаниците според триесет и третото прашање: *Секој конфликт во кој се злоупотребуваат верските чувства за мене е неприфатлив***

| Одговори | Број на студенти | Процент |
|---|---|---|
| воопшто не се согласувам | 5 | 2,5% |
| не се согласувам | 11 | 5,5% |
| не знам | 18 | 9,0% |
| се согласувам | 84 | 42,2% |
| потполно се согласувам | 81 | 40,7% |

**Графикон 40. Одговори на прашањето: Секој конфликт во кој се злоупотребуваат верските чувства за мене е неприфатлив**



Од добиените резултати може да се увиди дека најголем број испитаници (165 или 82,2%) се согласуваат со тврдењето дека секој конфликт во кој се злоупотребуваат верските чувства е за нив неприфатлив. Многу е мал бројот на испитаници (16 или 8%) кои не се солгасуваат со тврдењето или немаат одреден став спрема него (18 или 9%). Одговорите на ова прашање повторно покажуваат заедништво во одговорите, што е карактеристично за прашањата каде се посочува на човечност, заедништво, ситуации во кои би можел секој да се замисли и да ги предвиди влијанијата.

Направени се статистички анализи кои се во функција на проверка на поставените хипотези и субхипотези за ова истражување. Полот, кој е независна варијабла, не се покажа како значаен во давањето различни резултати помеѓу испитаниците од машки и испитниците од женски пол. Според добиените резултати не беа пронајдени значајни разлики во одговорите кои ги давале овие две групи испитаници.

Местото на живеење на испитаниците, град или село, е наредната варијабла која е тестирана дали влијае во давањето одговори на испитаниците. Од направената анализа на добиените резултати може да се констатира дека не постаојата значајни разлики во начинот на давање на одговори помеѓу испитаниците кои живат во град и испитаниците кои живеат во село. Беа забележани мали разлики во давањето одговори, како на пример кај следниве прашања, но истите не се покажаа значајни.

На 2 прашање: *МПЦ е заштитник на идентитетот на државата и истата треба да има повластено место?*, испитаниците одговориле на следниот начин:

**Табела 39. Распределеност на одговорите на испитаницте на прашањето: *МПЦ е заштитник на идентитетот на државата и истата треба да има повластено место?*, според нивното место на живеење**

| Место на живеење | Воопшто не се согласувам | Не се согласувам | Не знам | Се согласувам | Потполно се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| **Град** | 20,3% | 19,5% | 20,3% | 29,3% | 10,6% |
| **Село** | 37,1% | 24,3% | 22,9% | 10,0% | 5,7% |

Од наведените резултати може да се увиди дека поголем број испитаници кои живеат во село не се согласуваат со тврдењето (61,4 %), за разлика од испитаниците кои живеат во град (39,8 %). Исто така, постои разлика во бројот на испитаниците кои живеат во град и се сложуваат со тврдењето (39,9 %) во однос на бројот на испитаници кои живеат во село и се сложуваат со тврдењето (15,7 %).

Според добиените резултати на голем број прашања испитаниците од град и село одговориле на приближно ист начин. Прашања кои би ги издвоиле, а каде во договорите не е најдена разлика се следниве:

- *Дискусиите за религиски прашања можат да бидат одлична основа за подобро запознавање;*
- *Дружењето со припадници од иста вера помага во зачувување на верскиот идентитет;*
- *Опишувањето на некои типови насилство со придавката верски е неприфатливо;*
- *Сите религии треба да уживаат еднакви права пред државата;*
- *Човечноста на една личност е поважна од неговата религиска припадност.*

Испитаниците се класифицирани и според моменталната година на студирање (прва, втора, трета и четврта). Направени се анализи во начинот на давање на одговори кај овие четири групи испитаници за секое прашање

поединечно. Од спроведените анализи може да се заклучи дека не се пронајдени значајни разлики во начинот на одговарање на прашањата помеѓу четирите групи испитаници, што значи дека варијаблата години на студии не се покажа како значајна и не влијае на степенот на религиска толеранција кај испитаниците. Прашања кои би ги издвоиле, а каде во одговорите не е најдена разлика се следниве:

- *Учењата на сите религии во Р. Македонија се позитивни и коирисни;*
- *Мултиконфесионалноста е вредност за едно општество;*
- *Запознавањето со верското учење на другите религии може да влијае негативно врз моите верски убедувања;*
- *Човекот може да се чувствува потполно сигурен само ако живее во средина во која мнозинството се припадници не неговата вера;*
- *Дружењето со припадници од иста вера помага во зачувување на верскиот идентитет.*

Добиените резултати од испитаниците се споредувани и анализирани и според нивната национална и верска припадност. Најголем број испитаници се македонци и албанци, според нивната национална припадност, односно православни христијани и муслимани, според нивната верска приправдност. Од направените анализи може да се заклучи дека постојат значајни разлики во одговорите кои ги дале овие групи на испитаници, што наведува на заклучот дека посебностите на одредени конфесии влијаат врз нивото на религиската толеранција кај испитаниците. Деталните анализи покажуваат дека според добиените резултати од овие две групи на испитаници (македонци-православни христијани и албанци-муслимани) за некои прашања постои големо сложување во начинот на одговарање и сличноста на ставовите кои ги имаат. Би издвоиле некои од тие прашања каде испитаниците имаат слични одговори:

- *Сите религии треба да уживаат еднакви права пред државата;*
- *Учењата на сите религии во Р. Македонија се позитивни и корисни;*
- *Фактори кои поволно влијаат врз верската толеранција: ниво на*

*комуникација со луѓето, степен на социјален статус, ниво на општи знаења, политичко определување;*

- *Дискусиите за религиски прашања можат да бидат одлична основа за подобро меѓусебно запознавање;*
- *Опишувањето на некои типови насилство со придавката верски е неприфатливо;*
- *Дружењето со припадници од иста вера помага во зачувување на верскиот идентитет;*
- *Почитувањето на други вери е израз на почитување на својата вера;*
- *Секој конфликт во кој се злоупотребуваат верските чувства за мене е неприфатлив.*

При направената анализа на добиените резултати од страна на овие две групи испитаници (македонци-православни христијани и албанци-муслимани) најдени се значајни разлики во давањето одговори на поголем број прашања. На 2 прашање: *МПЦ е заштитник на идентитетот на државата и истата треба да има повластено место*, испитаниците одговориле на следниот начин:

**Табела 40. Распределеност на одговорите на испитаницте на прашањето: *МПЦ е заштитник на идентитетот на државата и истата треба да има повластено место?*, според нивната национална припадност**

| Национална припадност | Воопшто не се согласувам | Не се согласувам | Не знам | Се согласувам | Потполно се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| **македонска** | 5,4% | 17,4% | 17,4% | 44,6% | 15,2% |
| **албанска** | 47,9% | 26,0% | 19,7% | 2,1% | 2,1% |

Според добиените резултати може да се заклучи дека постои голема дискрепанца на одговорите дадени од двете групи на испитаници. Групата испитаници од македонска национална припадност се согласуваат со даденото тврдење (59,8%), за разлика од групата испитаници од албанска национална

припадност, каде само 4,2% се согласуваат со тврдењето дека МПЦ е заштитник на идентитетот на државата и истата треба да има повластено место.

На 3 прашање: *Припадник на друга религија може да биде*, испитаниците одговориле на следниот начин:

**Табела 41. Распределеност на одговорите на испитаницте на прашањето: *Припадник на друга религија може да биде,* според нивната национална припадност**

| Национална припадност | мој дечко/ девојка | мој близок пријател | комшија | наставник | стопански партнер | Претседател на држава | жител на мојата земја |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **македонска** | 6,4 % | 34,0 % | 11,7 % | 3,2 % | 3,2 % | 1,1 % | 40,4 % |
| **албанска** | 2,1 % | 11,3 % | 17,5 % | 11,3 % | 8,2 % | 17,5 % | 32,0 % |

Од добиените резултати може да се увиди дека постои разлика во изборот кој го направиле испитаниците од двете групи. Поголем број од испитаниците со македонска национална припадност одбрале дека припадник на друга религија може да биде нивни дечко, девојка или комшија (52,1%), за разлика од групата на испитаници од алабанска национална припадност (30,9%). Постои значајна разлика и во изборот кој го направиле испитаниците во однос на припадник на друга религија да биде претседател на државата, каде многу мал е бројот на испитаници од македонска национална припадност кој се согласиле и го направиле тој избор (1,1%), за разлика од испитаниците од албанска национална припадност (17,5%).

На 6 прашање каде испитаниците го изразуваа своето мислење за фактори кои најповолно влијаат врз верската толеранција, пронајдени се сличности, но и одредени разлики водавањето на одговори. Така на пример, пронајдена е разлика во давањето на оценка на факторот *верска припадност*,

каде 4,3% од испитаниците од македонска национална припадност дале оцена 9, за разлика од 13,7% испитаници од албанска национална припадност кои ја дале истата оценка. Со оценка 10, за истиот фактор, оцениле помал број испитаници од македонска национална припадност (19,4%), за разлика од испитаниците од албанска национална припадност (31,6%).

На 8 прашање: *Не ми пречи изградба на цркви/џамии врз јавни површини*, добиени се следните резултати:

**Табела 42. Распределеност на одговорите на испитаницте на прашањето: *Не ми пречи изградба на цркви/џамии врз јавни површини?*, според нивната национална припадност**

| Национална припадност | Воопшто не се согласувам | Не се согласувам | Не знам | Се согласувам | Потполно се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| **македонска** | 17,0% | 50,0% | 13,8% | 16,0% | 3,2% |
| **албанска** | 28,6% | 17,3% | 9,2% | 26,5% | 18,4% |

Од добиените резултати може да се заклучи дека најголем број од испитаниците од македонска национална ппрstate (67%) не се согласуваат со тврдењето, за разлика од испитаниците од албанска национална припадност (45,9%) кои не се согласуваат со истото тврдење. Исто така, многу е поголем бројот на испитаници од албанска национална припадност кои се солгасуваат со тврдењето (44%), за разлика од бројот на испитаници од македонска национална припадност кои се согласуваат со истото тврдење (19,2%).

На 18 прашање: *ИВЗ придонесува за градење на клима на рабирање и толеранција*, испитаниците одговориле на следниот начин:

**Табела 43. Распределеност на одговорите на испитаницте на прашањето: *ИВЗ придонесува за градење клима на разбирање и толеранција?*, според нивната верска припадност**

| Верска припадност | Воопшто не се согласувам | Не се согласувам | Не знам | Се согласувам | Потполно се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| **православна** | 3,4 % | 21,3 % | 57,3 % | 16,9% | 1,1 % |
| **муслиманска** | 2,9% | 11,7 % | 31,1 % | 37,9 % | 16,5 % |

Според добиените резултати може да се види дека испитаниците од мусламанска вероисповед во поголем број се согласуваат со тврдењето (54,4%), за разлика од бројот на испитаници од православна вероисповед кои се согласуваат со истото тврдење (18%). Треба да се забележи дека е особено голем бројот на испитаници од православна вероисповед кои немаат одреден став спрема тврдењето (57,3%).

На 22 прашање: *Со право треба да се смета дека исламскиот тероризам е најголема опасност за слободниот свет*, испитаниците од двете групи одговориле на различне начин. Така на пример, бројот на испитаници од православна вероисповед кои не се согласуваат со тврдењето е 3,3%, додека бројот на испитаници од муслиманска вероисповед кои не се согласуваат со тврдењето е значително поголем (56,3%).

На 23 прашање: *Кога би имале право да бирате кого би одбрале за прв сосед*, 81,5% од испитаниците од православна вероисповед би одбрале тоа да биде православен христијанин, додека само 4,3% од истата група би одбрале тоа да биде муслиман. Исто така, испитаниците од групата со муслиманска вероисповед во најголема мера одбираат за прв сосед да имаат муслиман (96,2%), а само 1% од оваа група одбрале тоа да биде православен христијанин.

На 28 прашање: *Ми пречи носењето на религиски симболи на јавни места*, испитаниците се разликуваат во однос на одговорите кои ги дале. Испитаниците од православна вероисповед во помал процент не се

согласуваат со тврдењето (33,4%), за разлика од испитаниците од муслиманска вероисповед кои не се солгасуваат со тврдењето (60,2%).

На 30 прашање: *Соработката на нашата држава со православните држави ми дава чувство на сигурност*, се добиени значајни разлики во дадените одговори. Испитаниците од мсулиманска вероисповед на ова прашање во многу голем број одговориле со несогласување (68,6%), за разлика од испитаниците од православна вероисповед (21,5%).

На 32 прашање: *Менувањето на верата е чин еднаков на предавство,* испитаниците дале различни одговори во степенот на согласување со тврдењето. Испитаниците од православна вероисповед во помал процент се согласуваат со тврдењето (26,9%), за разлика од испитаниците од муслиманска вероисповед (49%).

Направена е споредба во дадените одговори на испитаниците според образованието на нивниот татко и нивната мајка. Гледано во целина, не беа пронајдени значајни разлики во начинот на одговарање на поставените прашања. Сепак, беа пронајдени разлики помеѓу групата на испитаници кои имаат татко со основно образование и оние кои имаат татко со повисоко образование (вишо или високо). Истата слика се покажа и кај испитаниците кои имаат мајки со пониско образование и испитаниците кои имаат мајки со повисоко образование. Овие разлики беа забележани само кај некои прашања, и повеќе се должеа на други фактори, како на пример националната и верската припадност, а не самото образование на родителите. Според добиените резултати испитаниците не се разликуваа во дадените одговори на следните прашања:

- *Учењата на сите религии во Р. Македонија се позитивни и корисни;*
- *Запознавањето со верското учење на другите религии може да влијае негативно врз моите верски убедувања;*
- *Дискусиите за религиски прашања можат да бидат одлична основа за подобро меѓусебно запознавање;*
- *Опишувањето на некои типови насилство со придавката верски е*

*неприфатливо;*

- *Човекот може да се чувствува потполно сигурен само ако живее во средина во која мнозинството се припадници на неговата вера;*
- *Човечноста на една личност е поважна од неговата религиска припадност.*

Од добиените податоци може да издвоиме дека конфесионалноста и видот на конфесијата во голема мера влијае на степенот на религиската толеранција кај испитаниците. Половата припадност, како и социоекономската положба не се покажаа како значајни и со големо влијание врз религиската толеранција во ова истражување.

Според добиените резултати и спроведените анализи може да се констатира дека општата хипотеза: *Степенот на религиска толеранција кај студентската популација во Р. Македонија по нејзиното осамостојување зависи од влијанието на општествените фактори какви што се: социоекономската положба, конфесионалните посебности, дејствувањето на религиските организации, како и општествениот контекст во рамките на глобалната реалност* е делумно потврдена.

## 7. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Трудот е поделен на два дела: теоретски и емпириски дел. Имајќи во предвид дека Р. Македонија е мултиконфесионално и мултиетничко општество, потребно е поттикнување на религиската толеранција помеѓу религиските конфесии. Градењето на принципот на религиска толеранција е задача на повеќе општествени чинители. Во теоретскиот дел се опфатени теоретските сознанија за поимот толерантност, опфаќајќи го и дијалогот, објаснети се повеќе форми кои се во доменот на религијата: психолошка толеранција, теолошка или догматска, еклесијастичка толеранција. Во трудот се дадени теоретските сознанија за показетелите на толеранцијата, можните крајности и недостатоци, воедно објаснувајќи го концептот на живеење со разлики. Проследен е развојот на верската толеранција, нотирајќи низа настани од историјата. Акцент е ставен на развојот на религиската толеранција во христијанството, со конфликти кои се случиле во негови рамките. Религиската толеранција е ставена во релација со политиката. Наведени се истражувања кои исто го третираат прашањето за религиска толеранција.

Вниманието на ова истражување е насочен кон двете универзални религии Христијанството и Исламот. Магистерскиот труд прави обид експлицитно да се објасни религиската толеранција, односно кои фактори влијаат на неа.

Како резиме од изнесената теорија во магистерскиот труд и истражувањето кое го извршивме на студентска популација од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Државниот Универзитет – Тетово и Универзитетот на Југоисточна Европа – Тетово е следното:

Направени се статистички анализи кои се во функција на проверка на поставените хипотези и субхипотези за ова истражување. Полот, кој е независна варијабла, не се покажа како значаен во давањето различни резултати помеѓу испитаниците од машки и испитниците од женски пол. Според добиените резултати не беа пронајдени значајни разлики во одговорите кои ги давале овие две групи испитаници.

Местото на живеење на испитаниците, град или село, е наредната варијабла која е тестирана дали влијае во давањето одговори на испитаниците. Од направената анализа на добиените резултати може да се констатира дека не постаојата значајни разлики во начинот на давање на одговори помеѓу испитаниците кои живат во град и испитаниците кои живеат во село. Беа забележани мали разлики во давањето одговори, како на пример кај следниве прашања, но истите не се покажаа значајни.

- *Дискусиите за религиски прашања можат да бидат одлична основа за подобро запознавање;*
- *Дружењето со припадници од иста вера помага во зачувување на верскиот идентитет;*
- *Опишувањето на некои типови насилство со придавката верски е неприфатливо;*
- *Сите религии треба да уживаат еднакви права пред државата;*
- *Човечноста на една личност е поважна од неговата религиска припадност.*

Испитаниците се класифицирани и според моменталната година на студирање (прва, втора, трета и четврта). Направени се анализи во начинот на давање на одговори кај овие четири групи испитаници за секое прашање поединечно. Од спроведените анализи може да се заклучи дека не се пронајдени значајни разлики во начинот на одговарање на прашањата помеѓу четирите групи испитаници, што значи дека варијаблата години на студии не се покажа како значајна и не влијае на степенот на религиска толеранција кај испитаниците.

Добиените резултати од испитаниците се споредувани и анализирани и според нивната национална и верска припадност. Најголем број испитаници се македонци и албанци, според нивната национална припадност, односно православни христијани и муслимани, според нивната верска приппадност. Од направените анализи може да се заклучи дека постојат значајни разлики во одговорите кои ги дале овие групи на испитаници, што наведува на заклучот

дека посебностите на одредени конфесии влијаат врз нивото на религиската толеранција кај испитаниците. Деталните анализи покажуваат дека според добиените резултати од овие две групи на испитаници (македонци-православни христијани и албанци-муслимани) за некои прашања постои големо сложување во начинот на одговарање и сличноста на ставовите кои ги имаат. Би издвоиле некои од тие прашања каде испитаниците имаат слични одговори:

- *Сите религии треба да уживаат еднакви права пред државата;*
- *Учењата на сите религии во Р. Македонија се позитивни и корисни;*
- *Фактори кои поволно влијаат врз верската толеранција: ниво на комуникација со луѓето, степен на социјален статус, ниво на општи знаења, политичко определување;*
- *Дискусиите за религиски прашања можат да бидат одлична основа за подобро меѓусебно запознавање;*
- *Опишувањето на некои типови насилство со придавката верски е неприфатливо.*

При направената анализа на добиените резултати од страна на овие две групи испитаници (македонци-православни христијани и албанци-муслимани) најдени се значајни разлики во давањето одговори на поголем број прашања.:

- *МПЦ е заштитник на идентитетот на државата и истата треба да има повластено место*;
- *Припадник на друга религија може да биде*, испитаниците одговориле на следниот начин;
- *Не ми пречи изградба на цркви/џамии врз јавни површини;*
- *ИВЗ придонесува за градење на клима на рабирање и толеранција*;
- *Со право треба да се смета дека исламскиот тероризам е најголема опасност за слободниот свет;*
- *Ми пречи носењето на религиски симболи на јавни места*;

- *Соработката на нашата држава со православните држави ми дава чувство на сигурност*;
- *Менувањето на верата е чин еднаков на предавство.*

Направена е споредба во дадените одговори на испитаниците според образованието на нивниот татко и нивната мајка. Гледано во целина, не беа пронајдени значајни разлики во начинот на одговарање на поставените прашања. Сепак, беа пронајдени разлики помеѓу групата на испитаници кои имаат татко со основно образование и оние кои имаат татко со повисоко образование (вишо или високо). Истата слика се покажа и кај испитаниците кои имаат мајки со пониско образование и испитаниците кои имаат мајки со повисоко образование. Овие разлики беа забележани само кај некои прашања, и повеќе се должеа на други фактори, како на пример националната и верската припадност, а не самото образование на родителите.

Од добиените податоци може да издвоиме дека конфесионалноста и видот на конфесијата во голема мера влијае на степенот на религиската толеранција кај испитаниците. Половата припадност, како и социоекономската положба не се покажаа како значајни и со големо влијание врз религиската толеранција во ова истражување.

Според добиените резултати и спроведените анализи може да се констатира дека општата хипотеза: *Степенот на религиска толеранција кај студентската популација во Р. Македонија по нејзиното осамостојување зависи од влијанието на општествените фактори какви што се: социоекономската положба, конфесионалните посебности, дејствувањето на религиските организации, како и општествениот контекст во рамките на глобалната реалност* е делумно потврдена.

Овој магистерски труд треба да иницира поголемо влијание на религиските организации за поголема религиска толеранцијата, промена на образовните програми, зголемено влијание на религијата во целокупниот општествен простор.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


- Куран со превод ( Хасан, Џ ) 1999год.
- Ацески, И. (2008). *Социолошки огледи*, Скопје: Филозофски Факултет
- Arnold, T. (1990). *Povijest Islama-historiski tokovi misije*. Sarajevo: Izvor i razvoj
- Андриќ, И.(2011).*Знакови поред пута*. Београд: Сезан Боок
- Barnes, Hari Elmer. (1982). *Uvod u istoriju sociologije*. Beograd: BIGZ
- Божовиќ,Р.(1984). *Лавиринти културе* . Београд : Радничка Штампа
- Bek, Hans Georg, 1998, Vizantiski millennium, Beograd: Klio &Glas srpski
- Burkhart, Jakob, 1992, Епохата на Константин Велики, Скопје: Мисла
- Benc, Ernst. (2005). *Nove religije,* Beograd: Čigoja
- Benz, E. (1991). *Duh i život istočne crkve*. Zagreb: Stvarnost
- Berlinger, J. G. (2004). *Veliki leksikon religija*. Beograd: Letno doba
- Bikaj, Moris. (2003). *Biblijata, kuranot i naukata*. Skopje: Logos-A
- Braun, F. S. (2000). *Hriščanstvo-Svteske religije*. Beograd: Čigoja
- Brodel,F.(2007).*Sredozemlje u starom veku.Beograd:Akademska knjiga*
- Veber, M. (1997). *Sabrani spisi o sociologiji religije.* Novi Sad: Zorana Stojanovica
- *Veliki leksikon religija*. (2004). Beograd: Lento
- Vernon, G. (1962). *Sociology of Religion*. New York: McGraw-Hillbook Company
- Weber, Max 2000. *Sociologija religije.* Sarajevo: Kru-Zak .
- Vrcan, Srđan. 1984. Proturječnosti religiskih sadržaja. *Religija i nacija.* Zagreb: Edicija centar za idejno-teorijski rad CK SKH.
- __________. 1984. Sociološki pristup odnosu religije i nacije. *Religija i nacija.* Zagreb: Edicija centar za idejno-teorijski rad CK SKH.
- Vujaklija, Milan. 1972. *Leksikon stranih reći i izraza.* Beograd: Prosveta.

- Vukomanović, Milan. 2004. *Religija.* Beograd: Zavod za uđbenike i nastavna sredstva.
- Герц, Клифорд. 1998.*Тумачење кулура.* Београд: Zavod za uđbenike i nastavna sredstva.
- Gidens, Entoni. *Sociologija.* 2001. Beograd: CID.
- Gidens, E. (2001). *Sociologija.* Podgorica: Romanov
- Gijom, A. (2001). *Islam.* Skopje: Kultura
- Goldman, Lisjen. (1980). *Skriveni Bog.* Beograd: BIGZ
- Grupa avtori. (2002). *Osnivači velikih religija.* Beograd: Toper Book
- Георгиевски, П., 1998, „Структурата на општеството“, во: Социологија (редактор д-р Блага Петроска), Скопје: НИП „Студентски збор“
- Георгиевски. П., 1972, *Социјалното потекло и животната ориентација на средно-школската младина*, Скопје: ИСППИ
- Dirkem, E. (1982). *Elementarni oblici religiskog života.* Beograd: Prosveta
- Djurant, V. (2004). *Doba vere.* Beograd: Narodna kniga
- Donini, A. (1964). *Pregled povijesti religije.* Zagreb: Naprijed
- Ѓурѓевиќ-Стојковиќ, Б. (2002). Верске секте. Београд: Народна књига Алфа
- Elijade, M. (1996). Водич кроз светске религије. Београд: Народна књига Алфа.
- Изатбеговиќ, А. (2005) *Исламот помеѓу истокот и западот.* Скопје: Логос-А
- Jakovleviħ, Dragan. 2006. *Religije i vrednosti* . Podgorica-Beograd: Ratio.
- Jukić, Jakov. 1991. *Budućnost Religije.* Split: Matica Hrvatska.
- Јукиќ, Ј. (1997). *Лица и маске светога.* Загреб: КС
- Yinger, Milton.2004. *Научно проучавање религије.* Београд: Просвета.
- Yinger, M. (1970). *The Scientific Study of Religion.* London: Routledge
- Јевтиќ, М. (1998). *Православље као фактор интеграције и дезинтеграције нација на Балкану.* Во: Хришќанство и политика. Шабац: Бели Анѓео

- John Coffey, *Persecution and Toleration in Protestant England, 1558-1689*. Longman Publishing Group (2000). ISBN 0-582-30465-2. p. 11
- Jefferson's Letter to the Danbury Baptists (June 1998) - Library of Congress Information Bulletin
- John Stuart Mill (1806-1873) "On Liberty" 1859. ed. Gertrude Himmelfarb, UK: Penguin, 1985, pp.83-84
- Jeffrey Burton Russell, *Dissent and Order in the Middle Ages: The Search for Legitimate Authority* (New York: Twayne Publishers 1992), p. 23
- Kamali, M. (1994). *Freedom of Expression in Islam*. Kuala Lumpur-Malezija: Beritta
- Kembridz, (2006). *Ilustrovana istorija religije.* Novi Sad: Stylos
- Kortasar, H.(2012). *Skolice .Beograd: Sezan Book*
- Kloskovska, A. (2005). *Sociologija Kulture*. Beograd: Čigoja
- Krešič, A. (1981). *Filozofija religije*. Zagreb: Naprijed
- Albanese, Catherine L. (2004). *Amerika religije i religija.* Sarajevo: Bemust
- Лукиќ, Р. (1982). *Социологија морала*. Београд: Научна Књига
- Laursen, John Christian (ed.), 1999, Religious Tolerantion: The Variety of Rites from Cyrus to Defoe, New York: St. Martin's Press
- Линч, Џозеф, 1999, Историја средњовековне цркве, Београд: Клио
- Линг, Тревор. 2000. *Историја Религије истока и запада. Београд*: Српска књижевна задруга.
- Малиновски, Б. (1971). *Магија, наука и религија*. Београд: Просвета
- Матевски, Зоран. 2005. *Религиска толеранција у мултиетничкој и мултиконфенфесионалној Републици Македонији*. Во Зборник: *Религија у мултикултурном друштву*. Нови Сад: Филозофски Факултет.
- _______. 2005. Sociological Analysis of the Religious Situation in Macedonian Pos-Communist Society. In Anthology: *Religion and Politics,* Blagoevgrad: South West University "Neofit Rilski".
- _______. 2007. Religion in multicultural society. In Collective article: *Sociological Horizons.* Blagoevgrad: Sout-West University "Neofit Rilski".

- _______. 2007. Religious dialogue and tolerance-theoretical and practical experiences of differences and similarities. In Monograph: *Politics and Religion*. Beograd: Center for study of Religion and religious tolerance.
- _______. 2008. The challenges of Sociology of Religion after 1991. In Anthology: *The sociology of religion in the Former Yugoslav Republics*. Nis: JUNIR.
- McGuire, Meredith. 1981 *Religion, The Social context*. Belmont California: Wadsworth Pub Co.
- ________. 2002. *Religion.* USA: Wadsworth Thomson Learning.
- Menj, Aleksandar. 2005. *Istorija Religije.* Beograd: Plato.
- Milić, Vojin.1965. *Sociološki metod.* Beograd: Nolit.
- Милошевиќ, Н. (1998). *Православље и демократија.* Нови Сад и Београд: Прометеј и Терсит
- Младеновски, Ѓ. (2005). *Антрополошки огледи*. Скопје: Аз-Буки
- Макманерс, Џон, 2004, Оксфордска историја хришќанства, Београд: Клио
- Ниче,Ф.(2011). С оне стране добра и зла – Бенеологија морала.Београд:Дерета
- Острогорски, Г., 1992, Историјата на Византија, Скопје: Наша книга
- Pajaziti, Ali. (2003). *Ese sociologjike*, Shkup: Logos-A
- Pavičevič, V. (1988). *Sociologija religije*. Beograd: BIGZ
- Peters, F. E. (1994). *Muhammad and origins of Islam*. New York: Sonny Press
- Petrovič, S. 1995. *Mitologija, kultura, civilizacija*. Beograd: Čigoja i Salus
- Плутарх, 1994, Александар Македонски, Скопје: Детска радост
- Пеинтер, Сидни, 1997, Историја средњег века (284-1500), Београд: Клио & Глас српски
- Руф, Квинт Куртиј, 1998, Историја на Александар Македонски, Скопје: Патрија
- Rajič, Lj. (2003). *Fundamentalizam, cilj ili sredstvo*. Vo Religijski dijalog, drama razumevanja. Beograd: Beogradska Otvorena Škola

- Richard Landes, "The Birth of Heresy: A Millennial Phenomenon," Journal of Religious History 24.1 (2000): 26-43
- Religija i tolerancija. (2005). Časopis Centra za empirisko istraživanje religije 4 Novi Sad: Čigoja
- Становчиќ, в. (2003). *Политичке идеје и религија.* Београд: Чигоја
- Thélot, Cl., 1982, Tel père, tel fils? Position sociale et origine familial, Paris: Dunod
- Thélot, Cl., 1993. L'évaluation du système éducatif, Paris: Éditions Nathan
- Uspenski, Fjodor, 2000, Istorija vizantiskog carstva od 6. do 9. veka, Beograd: Cepter & Book World
- Филиповиќ, М. (1995). *Рјечник страних ријечи.* Загреб: Медицинска Књига
- From, Erih. 1975. *Anatomija ljudske destruktivnosti.* Zagreb: Naprijed.
- Haralambos, Michael i Holborn, Martin. 2002. *Sociologija.* Zagreb: Golden marketing.
- Hamilton, Malkom. 2003. *Sociologija religije.* Beograd: Clio.
- Hajduković, Čedomir. 1975. *Prestapničko ponašanje mladih..* Beograd: Savremena administracija.
- Хојзинга , Ј.(1991). *Јесен средњега века,*Нови Сад : Матица Српска
- Ćimić, Esad. 1984. *Socijalističko društvo I religija.* Saraevo: Svjetlost.
- ________. 1964. *Problemi metodološkog pristupa u proučavanju religije.* Beograd: Sociološki pregled.
- Cvitković, Ivan. 2004. *Sociologija religije.* Sarajevo: ISBN.
- ___________.1984. *Nacionalizam i religijske diferencijacije u nas*. Religija i nacija. Zagreb: Edicija centar za idejno-teorijski rad CK SKH.
- _________. 2002. Religije suvremenog svijeta. Sarajevo: DES.
- Šušnjić, Đuro. 1990. *Teorijske oriejentacije u proučavanju religije i ateizma.* Zagreb: IDIS.
- _________.1998. *Religija I.* Beograd: Cigoja.
- _________1998. *Religija II.* Beograd: Cigoja.

- __________. 2007. *Metodologija*. Beograd: Cigoja.
- ___________2007. Dijalog I tolerancija. Beograd: Cigoja
- In 1898 the tricentennial celebrated the Edict as the foundation of the coming Age of Toleration; the 1998 anniversary, by contrast, was commemorated with a book of essays under the evocatively ambivalent title, *Coexister dans l'intolérance* (Michel Grandjean and Bernard Roussel, editors, Geneva, 1998).
- "The Universal Declaration of Human Rights", United Nations 1948, retrieved 1 June 2007.
- Quran 2:62
- B. Lewis, "The Jews of Islam", New York (1984), pp. 135 – 136
- "Hinduism - a general introduction"
- The Hatreds of India; Hindu Memory Scarred by Centuries Of Sometimes Despotic Islamic Rule New York Times, Published: December 11, 1992
- "Valerius Maximianus Galerius", Karl Hoeber, Catholic Encyclopedia 1909 Ed, retrieved 1 June 2007.
- "Constantine I", Encyclopedia Britannica 1911 Ed. retrieved 1 June 2007.
- "Johann Brenz" Encyclopedia Britannica 1911 Ed. retrieved 1 June 2007
- "Edict of Nantes", Encyclopedia Britannica 15th Edition, retrieved 1 June 2007.
- "Rudolph II", Encyclopedia Britannica 15 Edition, retrieved 1 June 2007.
- Hasia R. Diner, *The Jews of the United States, 1654 to 2000*, 2004, University of California Press, ISBN 0520248481, pp. 13-15
- "The Universal Declaration of Human Rights", United Nations 1948, retrieved 1 June 2007.
- Toleration—Exercitium Religionis Privatum", Walter Grossman, Journal of the History of Ideas, Vol. 40, No. 1 (Jan - Mar., 1979), pp. 129-134, retrieved 1 June 2007.
- "Dignitatis Humanae", Decree on Religious Freedom, 1965, retrieved 1 June 2007.

## ПРИЛОЗИ

### Анкетен лист

Толеранцијата е универзална вредност и е стремеж на многу општества и заедници. Македонија како мултинационална и мултиконфесионална држава се стреми да создаде одржлив баланс на меѓусебно разбирање и толеранција. Овој анкетен прашалник кој е дел на едно научно истражување содржи прашања поврзани со религиската толеранција. Со искрени одговори, Вие студентската популација, ќе допринесете да имаме појасна слика за религиската толеранција во Република Македонија.

Анкета е анонимна и верувам дека со право можам да се надевам на искрени одговори.

Ви благодарам!

1. **Пол**

    1) машки
    2) женски

2. **Место на живеење**

    1) град
    2) село

3. **Година на студии**

   1) I- прва
   2) II- втора
   3) III-трета
   4) IV- четврта

4. **Националност**

   1) македонска
   2) албанска
   3) друга - која ____________

5. **Верска припадност – верска припадност според родителите**

   1) православна
   2) муслиманска
   3) друга - која ____________

6. **Образование на таткото**

   1) основно образобание
   2) КВ или ВКВ работник
   3) средно образование
   4) вишо образование
   5) високо образование

7. **Образование на мајката**

   1) основно образобание
   2) КВ или ВКВ работник
   3) средно образование
   4) вишо образование
   5) високо образование

**8. Занимање на таткото**

1) земјоделец
2) неквалификуван и полуквалификуван работник
3) квалификуван и висококвалификуван работник
4) службеник со средна стручна спрема
5) пензионер
7) невработен
8) друго – кое ___________

**9. Занимање на мајката**

1) домаќинка
2) неквалификуван и полуквалификуван работник
3) квалификуван и висококвалификуван работник
4) службеник со средна стручна спрема
5) пензионер
7) невработена
8) друго – кое ___________

**10. Сите религии треба да уживаат еднакви права пред државата?**

1) воопшто не се согласувам
2) не се согласувам
3) незнам
4) се согласувам
5) потполно се согласувам

**11. Македонската Православна Црква е заштитник на идентитетот на државата и истата треба да има повластено место?**

1) воопшто не се согласувам
2) не се согласувам
3) незнам
4) се согласувам
5) потполно се согласувам

**12. Припадник на друга религија може да биде:**

1) мој/моја дечко/девојка
2) мој близок пријател
3) комшија
4) наставник
5) стопански партнер
6) претседател на држава
7) жител на мојата земја

**13. Учењата на сите религии во Р.М се позитивни и корисни**

1) воопшто не се согласувам
2) не се согласувам
3) незнам
4) се согласувам
5) потполно се согласувам

**14. Сметам дека учењата на другите религии се погрешни**

1) воопшто не се согласувам
2) не се согласувам
3) незнам
4) се согласувам
5) потполно се согласувам

**15. Со оценка од 1-10 (најмалку најмногу) изрази го своето мислење за факторот кој најповолно влијае врз верската толеранција**

| 1. | Образованието | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2. | семејното воспитаније | | | | | | | | | | |
| 3. | верската припадност на одредена религија | | | | | | | | | | |
| 4. | Национална припадност | | | | | | | | | | |
| 5. | Степен на социјалниот статус | | | | | | | | | | |
| 6. | Нивото на комуникација меѓу луѓето | | | | | | | | | | |
| 7. | Нивото на општите знаења | | | | | | | | | | |
| 8. | Политичкото определубање | | | | | | | | | | |

**16. Сметам дека во учењата на другите религии искривувања**

1) воопшто не се согласувам
2) не се согласувам
3) незнам
4) се согласувам
5) потполно се согласувам

**17. Не ми пречи изградба на цркви/џамии врз јавни површини**

1) воопшто не се согласувам
2) не се согласувам
3) незнам
4) се согласувам
5) потполно се согласувам

**18. Немам ништо против мешаните бракови**

1) воопшто не се согласувам
2) не се согласувам
3) незнам
4) се согласувам
5) потполно се согласувам

**19. Запознавањето со верското учење на другите религии може да влијае негативно врз моите верски убедубања**

1) воопшто не се согласувам
2) не се согласувам
3) незнам
4) се согласувам
5) потполно се согласувам

**20. Дискусиите за религиски прашања можат да бидат одлична основа за подобро меѓусебно запознавање**

1) воопшто не се согласувам
2) не се согласувам
3) незнам
4) се согласувам
5) потполно се согласувам

**21. Опишувањето на некои типови насилство со придавката верски е неприфатливо**

1) воопшто не се согласувам
2) не се согласувам
3) незнам
4) се согласувам
5) потполно се согласувам

**22. Мешаните бракови значат несигурна иднина за децата**

1) воопшто не се согласувам
2) не се согласувам
3) незнам
4) се согласувам
5) потполно се согласувам

**23. Човекот може да се чувствува потполно сигурен само ако живее во средина во која множинство се припадници на неговата вера**

1) воопшто не се согласувам
2) не се согласувам
3) незнам
4) се согласувам
5) потполно се согласувам

**24. Човечноста на една личност е поважна од неговата религиска припадност**

1) воопшто не се согласувам
2) не се согласувам
3) незнам
4) се согласувам
5) потполно се согласувам

**25. Дружењето со припадници од иста вера помага во зачувување на верскиот идентитет**

1) воопшто не се согласувам
2) не се согласувам
3) незнам
4) се согласувам
5) потполно се согласувам

**26. Со оценка од (1) до (5) дај го твоето мислење за ставот: мултиконфесионалноста е вредност за едно општество**

1 2 3 4 5

| воопшто не се согласувам | не се согласувам | незнам | се согласувам | потполно се согласувам |
|---|---|---|---|---|

**27. ИВЗ придонесува за градење на клима на разбирање и толеранција**

1) воопшто не се согласувам
2) не се согласувам
3) незнам
4) се согласувам
5) потполно се согласувам

**28. Сите граѓани на една држава треба да припаѓаат на една религија и црква**

1) воопшто не се согласувам
2) не се согласувам
3) незнам
4) се согласувам
5) потполно се согласувам

**29. Кон припадниците на другите религии треба да имаме неповерение дури и кога ни се пријатели**

1) воопшто не се согласувам
2) не се согласувам
3) незнам
4) се согласувам
5) потполно се согласувам

**30. Во Република Македонија многу повеќе се инсистира на паравата на малцинските верски заедници одколку на правата на МПЦ**

1) воопшто не се согласувам
2) не се согласувам
3) незнам
4) се согласувам
5) потполно се согласувам

**31. Со право се смета де исламскиот тероризам е најголема опасност за слободниот свет**

1) воопшто не се согласувам
2) не се согласувам
3) незнам
4) се согласувам
5) потполно се согласувам

**32. Кока би имале право да бирате кого би го одбрале за прв сосед**

1) муслиман
2) православен христијанин
3) католик
4) евреин
5) адвентист

**33. Почитувањето на другите вери е израз на почитувањето на својата вера**

1) воопшто не се согласувам
2) не се согласувам
3) незнам
4) се согласувам
5) потполно се согласувам

**34. Веронауката во училиштата доведе до подобра манифестација на моралните норми на секоја религија**

1) воопшто не се согласувам
2) не се согласувам
3) незнам
4) се согласувам
5) потполно се согласувам

**35. Изградбата на џамија на плоштадот во Скопје ќе биде доказ дека Македонија гради толерантно општество**

1) воопшто не се согласувам
2) не се согласувам
3) незнам
4) се согласувам
5) потполно се согласувам

**36. Мултикултурализмот повеќе доведе до сегрегација отколку до интеграција**

1) воопшто не се согласувам
2) не се согласувам
3) незнам
4) се согласувам
5) потполно се согласувам

**37. Ми пречи носењето на религиски симболи на јавни места**

1) воопшто не се согласувам
2) не се согласувам
3) незнам
4) се согласувам
5) потполно се согласувам

**38. Глобализацијата е опасност за моите религиски убедувања**

1) воопшто не се согласувам
2) не се согласувам
3) незнам
4) се согласувам
5) потполно се согласувам

**39. Соработката на нашата држава со православните држави ми дава чувство на сигурност**

1) воопшто не се согласувам
2) не се согласувам
3) незнам
4) се согласувам
5) потполно се согласувам

**40. Се чувствувам непријатно кога дознавам дека член на моето потесно семејство ја променил верата**

1) воопшто не се согласувам
2) не се согласувам
3) незнам
4) се согласувам
5) потполно се согласувам

**41. Менувањето на верата е чин еднаков на предавство**

1) воопшто не се согласувам
2) не се согласувам
3) незнам
4) се согласувам
5) потполно се согласувам

**42. Секој конфликт во кој се злоупотребуваат верските чувства за мене е неприфатлив**

1) воопшто не се согласувам
2) не се согласувам
3) незнам
4) се согласувам
5) потполно се согласувам